## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Ангелка Пеева Лоуренчич, Кенан Хасипи, Гајур Сарач, Каролина Ристова, Рафет Муминович, Ана Андова, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агим Џелили, Семир Хасани, Мендух Тачи, Абдулади Весели, Исмет Рамадани, Љубчо Георѓиевски, Љупчо Балковски, Марјан Ѓорчев и Чедомир Кралевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Работиме по точката 19 - Предлог на закон за судскиот совет на Република Македонија**

Продложуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор госпоѓа Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, колеги пратеници, претставници на Министерството за правда.

Кога пристапивме кон уставни измени единствената цел беше да овозможиме уставна рамка со која ќе можеме да обезбедиме реформи во судството од причини што беше констатација дека судството е неефикасно и е политизирано. Значи, во тие два правци требаше да се движи целата наша реформа.

Низ овие закони кои ги носиме, кои се во врска со уставните амандмани и кои би требало да бидат легислативна рамка за да се овозможат таквите реформи ние низ дебатата за законите откриваме одредени недостедности и недоречености особено контрадикторности меѓу одредени законски текстови, како што се Законот за судови, Закони за судскиот совет, Законот за академија на судии и обвинители итн. Во тој правец би сакала и јас да подискутирам неколку одредби кои мислам дека се во таков конфликт со овие закони и кои на некој начин ќе ја оневозможат посакуваната реформа, дури што може да биде пострашна, можат да ја одведат во неочекуван и несакан правец.

Во однос на законот за судски совет и во уставната рамка која ја дадовме целта ни беше судскиот совет да го дефинираме како независно и самостојно тело кое ќе треба да ја организира и да ја контролира судската власт, која ќе биде надвор од политиката и која ќе се грижи за браншата. Меѓутоа сега расправаме токму за закон за судскиот совет.

Во членот 2 кој го имаме во самиот закон точно така го дефинираме судскиот совет, онака како што и беше целта за отпочнувањето на целиот тој процес за уставни измени, законски измени итн, се со цел да обезбедиме законска рамка за реформите кои следат во судството и така го дефинираме, како самостоен и независен орган кој ќе обезбедува и гарантира самостојност и независност во судската власт, што значи дека тој не е орган на судската власт, туку е независно тело кое ќе ја контролира и обезбедува оваа власт со цел да се постигне реформа во делот на деполитизација пред се на судството и секако да се зголеми ефикасноста во работењето.

За волја на вистината многу од одредбите се движат во тој правец, меѓутоа би сакала да ги проанализирам членовите 40 и 60, кои според мене на некој начин предизвикуваат краток спој и не ќе успееме да го достигнеме она што ние го посакуваме во реформата. Зошто? Затоа што во членот 40 каде што се говори за избор на судии на основен суд се вели дека советот избира судии од листата на кандидати доставена од Академијата за обука.

Да се потсетиме дека во Законот за академијата е кажано дека ќе се прави ранг листа што значи и тогаш кога дебатиравме беше посочено ова како проблем, што значи дека ако имате ранг листа вие ќе го избирате оној судија кој е рангиран највисоко и таканатаму надолу по листата. Значи, тоа значи ранг листа. А ние на судскиот совет во уставната рамка, па и понатака во законот му даваме подруга позиција односно му даваме позиција на тело кое ќе се грижи односно пред се ќе избира и разрешува судии и ќе се грижи, затоа што има надлежности итн, за функционирање на судската власт. Меѓутоа кога сме кај изборот и разрешување на судии сега поставено вака во содејство односно во врска со тој Закон за академија се гледа дека судскиот совет со ваквите одредби ја губи уставната позиција, односно на некој начин ни ја делогира уставната позиција што му ја дадовме со новите амандмани во Уставот. Замислата беше тој навистина независно од сите други да бира судии, разрешени судии, а во него да членуваат доминантно луѓе од судската бранша.

Сега вака поставени работите, кога ја намалуваме неговата уставно дадена надлежност ние веќе правиме еден голем пропуст во целиот судски систем и во поставеноста на судскиот совет во неговата најголема и најтежишна надлежност, а тоа е изборот на судии.

Вака поставени работите му даваат еден вид на аминувач на ранг листата која ќе се прави според Законот за академија.

Според мене советот не ќе има можност да избира, затоа што е упатен да го избира оној што е највисоко рангираниот на ранг листата која ќе се прави во Академијата. Тоа е една работа.

Ако го погледаме ставот 2 кој вели: "Доколку кандидатот не се јави на три последователни огласи за судија го губи утврдениот приоритет од листата на кандидатите". Значи, ова потврдува дека ќе се бира од ранг листа, односно што значи дерогирање на уставно поставена надлежност на судскиот совет. Кога ги носевме уставните реформи замислата не беше таква. Уставот воопшто не вика така. Уставот вели дека судскиот совет ќе е тој кој ќе ги избира судии. Ниту од ранг листа, ниту вакви правила поставувала. Значи сега ние со законски решенија ја дерогираме уставно поставената функција на судскиот совет. Тоа не е добро. Не е добро зата што ја ослабнуваме улогата на судскиот совет. Оваа одредба дури може да се цени дека е во судир со она што значи уставно поставена рамка и една многу чудна работа според мене е токму ставот 2. Како вие можете да го симнете, значи меѓу условите за избор на судии се и да има завршено Академија и да се најде на таа листа. Кандидатот ќе се најде на таа ранг листа според покажаните резултати и својата работа и резултатите што ќе ги постигне низ обуката во Академијата. Сега вие да го обврзувате дека ако после три огласи не се јави за судија, а тоа е негово лично право дали ќе конкурира или нема да конкурира за судија дека ќе го изгуби приоритетот на листата навистина е задирање во едни права на човекот за негов слободен избор. Значи ние на некој начин со ваквата одредба го тераме по секоја цена тој да стане судија ако се најде на ранг листата, при тоа не водејќи сметка што цени кандидатот или во некое идно време ќе конкурира за судија, во кој суд ќе конкурира, на кое место, дали во основен или повисок суд. Значи, јас мислам дека оваа одредба е недопуслива и ќе ги одведе сите замисливи реформи во многу несакан правец. Тоа е нешто со што апсолутно не се согласувам. Зборувам и за Законот за академија, го имав истиот став, затоа што тогаш укажав дека со таквата одредба ќе се помести уставната надлежност на судскиот совет, меѓутоа не беше уважено моето мислење и еве сега се покажува дека било така. Тоа е една одредба за која сакам да искажам мислење дека ги одведе сите наши замислени реформи во непосакуван правец.

Исто така би сакала да прокоментирам нешто за членот 42. Има една малку чудна одредба која вели дека за избор на судија советот расправа и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку две третини од членовите. Добро, значи потребен е тој статус - кворум од двотретинско мнозинство за расправа, меѓутоа веќе подолу бараат и одлука од дветретини. Значи, ако присуствуваат две третини ќе одлучуваат сите. Малку е нелогично и такво решение засега јас никаде не сум сретнала. Не сум против дво третинско мнозинство да одлучува советот, меѓутоа истовремено да барате и присуство на дветретини и да одлучува со дветретини малку е нелогично. Обично барате кворум од дветретини за да одлучите со помалку од она што го барате. Тоа е едно воспоставено правило, меѓутоа не е нешто суштинско, иако би требало да стои според мене дека советот одлучува со дветретини. Тоа ќе подразбира присуство на поголем број од дветретини во советот.

Сега би сакала да искоментирам уште една одредба според мене која оди во правец на нарушување на замислените реформи и посакуваните. Тоа е членот 60, имаше амандмани на овој член имаше доста расправии, предлагачот не поупшти остана на својот став дека треба да остане такво решение, а тоа е правото на жалба.

Против одлуката на советот кој го дефинирам како највисоко самостојно независно тело кое ќе одлучува за избор на судии, за разрешување на судии итн, тоа му е дадено како надлежност со Устав и ние сега наспроти него составуваме едно атхок тело, тоа е совет за одлучување по жалби кој ќе биде составен од 9 члена, од кои тројца суции на Врховниот суд, четворица на Апелациски судови по некој логика од секој Апелационен суд и двајца од судот од кој е судијата против кој се води постапка. Такво едно атхок тело кое хиерархиски не е поставено над судскиот совет за да може да одлучува по жалбата која ќе биде поднесена против одлука на судскиот совет за мене е навистина надвор од секоја логика, бидејќи ако нашето судство е поставено хиерархиски и ако правилата се по жалба на одлука на понизок орган одлучува повисокиот орган и така е поставен целиот систем, сега на највисокиот орган и независен орган во судството кој треба да се грижи за целокупната судска власт му додаваме, му прилепуваме едно атхок тело кое ќе треба да ги контролира неговите одлуки. Мислам дека тоа не е во согласност со нашиот целокупен правен систем, ниту пак со целокупниот систем како е поставен, оние основни правила кои што важат во судството. Тука јас го почитувам мислењето на министерката дека треба да се води грижа за препораките кои биле да не е последна одлуката на судскиот совет, да мора некој да ги контролира тие одлуки, тоа е се во ред, во ред е и Повелбата за статусот на судиите според меѓународните стандареди, меѓутоа за тоа требаше да се мисли и да се размислува кога се пристапуваше кон реформи кога требаше да се прави костурот на сите закони кои ќе следат после уставните измени. Заради тоа тогаш опозицијата бараше, јас лично на сите средби барав во Министерството за правда да ги видиме и драјтовите на законите кои ќе следат после тие уставни измени за да точно знаеме, да имаме предвид и увид во кој правец ќе ги движиме реформите. Сега откако ги донесовме уставните измени, а притоа немавме увид во текстовите, барем во драјверзии во кој правец ќе се движат законските измени кои ќе следат поради уставните измени ние некако на слепо напипувавме и сега ни се појавуваат одредби, за кои вие министерке тврдите дека се поради некои барања од некои стандарди и препораки на Европа, на Венецијанска комисија и не знам кој други. Меѓутоа, сето тоа е во ред, тогаш требало да ги имаме во предвид тие препораки и целиот

закон, целиот систем да го креираме според она што е рамка на нашиот правен систем и она што е барање на тие институции надвор од државата, кои во секој случај треба да се респектираат. Никако не можеме да прифатиме решение со кое на едно тело како што е судскиот совет му оставаме да ги контролира по жалба поднесена на одлука на советот да одлучува адхок тело кое што навистина според законот апсолутно не знаеме ни како ќе биде, освен што е наброено колку судии ќе членуваат. Не знаеме ни како ќе се бира, дали ќе биде постојани, дали ќе заседаваат постојано, или повремено ќе се повикуваат, каков ќе биде нивниот статус. Значи, ништо во овој закон не е кажано за тоа дело кое што треба да одлучува по жалбите кои ќе се поднесени против одлуките на судскиот совет. Во вчерашниот разговор вие нешто ми појаснивте дека само процедурата ќе ја проверува. Јас еве да ви верувам дека е така, меѓутоа овде во законот ние не можеме да го видиме, дека тоа дело ќе проверува само дали е запазена процедурата. Ако била вашата замисла таква тогаш тоа требало да го внесете во законот. Вака како што е напишано се добива впечаток, и така го читаме еве јас сум правник, можеби грешам има и други колеги правници,меѓутоа вака како што е напишано се добива впечаток дека тоа може да ја преиначи таа одлука односно да ја укине итн. Значи, нема ништо освен дали е запазена процедурата ќе се грижи тој совет за одлучување по жалба, како што го нарекува законот. Тоа е едно од решенијата што јас апсолутно не го прифаќам од причини што ја дерогира уставната положба што ја доби судсниот совет за која јас го дадов својот глас во уставните измени, за која гласав, дадов амандмани и цело време учествувавме сите прартии од опозицијата за да дојдеме до подобри решенија и сега ни се нуди законски текст кој на некој начин ја депласира целата таа заложба и работа. Затоа тврдам дека ваквите одредби ќе ја одвлечат целата реформа во судството во несакани правци. Меѓутоа, одговорноста ќе биде ваша бидејќи јас и во оваа прилика и претходно ги искажав сите ставови, а вие требаше да цените и да прифатите што е добро и што е прифатливо. Благодара.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Повелете господине Адеми имате збор.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседателе, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги.

Во продолжение на реформите во судството после уставните измени кои беа усвоени во Парламентото денес расправаме за законот за судски совет на Република Македонија и конституирањето на најзачајниот орган за функционирањето на судската власт.

Со решенијата кои што се нудат во овој тексто на законот се нудат квалитетни измени функција на осамостојувањето на судската власт и тоа што е најзначајно и што се бара од нас, се нуди потполно деполитизација на судската власт и на најзначајниот орган на судската власт во Република Македонија.

Врз основа на надлежностите кои што се даваат со одредбите на овој закон слободно можеме да констатираме дека деполитизацијата и осамостојувањето на судскиот совет во Република Македонија се постигнуваат. Доколку ги анализираме досегашните надлежности што ги има судскиот совет на Републиката и досега и надлежностите што ќе ги има судскиот совет на Република Македонија, тој што ќе се конституира сега можеме слободно да констатираме дека имаме големи, квалитетни измени во насока на реформите што ги споменав порано.

Составот на судскиот совет на Републиката гарантира независност и потполна деполитизација, гарантира дејствување и независно одлучување, без политичко влијание и без друго влијание на други фактори.

Со овој закон се поставуваат јасни правила на дејствување и одлучување и со овој закон, исто така се гарантира и правично и соодветно застапување во сите судски органи и на сите нивоа на судската власт и тоа се гарантира правично и соодветно застапување за сите етнички заедници во судовите, за претседатели на судови на сите нивоа, за претседателот на Врховниот суд, за судиите поротници, се гарантира и за вработените во професионалните служби на судската власт. И ова што го кажав порано се гарантира во членот или се утврдува во членот 43 алинеја 1 и 2 односно во членот 46 и 65. Зошто? Го спомнувам правичното и соодветното застапување и за мене и за мојата партија тоа е многу значајна работа и значајна одредба од овој закон, затоа што ние треба да создадеме еден нов имич за судовите и ангажманот на сите нас треба да биде овој имиџ да се подобри и да дадеме придонес судовите во Република Македонија да создадат нов имиџ и да порасне довербата кон судските органи, што значи да се зголеми довербата на граѓаните кон овие органи.

Јас не би сакал да должам многу, тука ќе завршам и на крај ќе кажам дека ние ќе го поддржиме донесувањето на овој закон токму од причина што е закон кој што извира од судските реформи, за кој што реформи ние сите имаме консензус, тоа е закон кој што гарантира деполитизација на највисокиот орган, значи на судскиот совет на Република Македонија. Тоа е закон кој што гарантира ефикасност на овој орган и на судовите и се инкорпорирани механизмите со кои што се гарантира правичното и соодветното застапување за сите етнички заедници.

Затоа, ние ќе гласаме за овој закон и другите закони кои што следат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Витановски, имате збор, повелете.

**Јанаќе Витановски:** Господине претседателе.

Ќе зборам пократко, па мислам дека треба да кажеме неколку зборови за овој клучен закон.

Сметам дека со она што е битно во овој процес на реформи во правосудниот систем, покрај Законот за судовите кој што го донесовме и ова е клучен закон за реформи во правосудниот систем на Република Македонија. Без носењето на овој закон ќе нامеме реформи во правосудниот систем и сметам дека сите колеги пратеници ќе гласаат за овој закон од причина што сите се залагаме за негово донесување односно на сите пратеници овде во овој Парламент им е јасно дека ако имаме и желба да одиме напред односно да одиме кон Европска унија нас ни се неопходни реформи во правосудниот систем. Токму овој закон за судскиот совет на Република Македонија е и клучниот, според мене закон за кој правиме реформи во правосудниот систем. Без разлика на се она што го зборуваа колегите од опозицијата, секој си има свое право на забелешки. Сметам дека тие си го кажуваат своето мислење, но добрата работа е тоа што и опозицијата веќе кажа дека ќе гласа по овој закон и сметам дека тоа ќе биде најдоброто што можеме ние, овој Парламент да го направи. Не само со овој закон, овој Парламент докажа и покажа дека е реформски парламент и дека ги носи најреформските закони кои што беа наложени од страна на Владата односно ние како пратеници ги изгласуваме овие закони кои што не носат напред.

Ќе кажам неколку зборови и за онаа основна работа, основната задача на овој закон, а тоа е околу новиот состав односно Судскиот совет на Република Македонија, кој што е кажан во членот 6, а тоа е преточено од амандманот број 28 од уставните амандмани кои што ги донесовме непосредно. Значи, клучната работа е тоа што сега судскиот совет на Република Македонија ќе е самостоен и независен орган на судството и Советот ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт. Значи, со овој закон, со овој уставен амандман и со овој закон кој што е сега пред нас, ние како пратеници Парламентот, Владата и политичките партии ќе бидат се подалеку од судската власт. Тоа е она што се реформи во правосудниот систем. Значи, ниту Владата ниту Парламентот, ниту политичките партии ќе имаат влијание во судската власт. Извршната власт ќе си има своја надлежност, законодавната власт своја надлежност, а судската власт ќе биде независна власт која што ќе се движи исклучиво за судската власт односно за работата на судовите. Токму овој орган кој што се предлага во членот 6, тоа е Советот кој што ќе биде составен од 15 члена дава можност за работа за независно судство. Тие 15 члена ќе бидат избрани и тоа осум члена ќе ги избира судиите Советот од своите редови, тројца членови на Советот ги избира Собранието на Република Македонија, двајца членови на Советот ги предлага претседателот на Република Македонија и по функција ќе бидат претседателот на Врховниот суд и министерот за правда. Мандатот на овие членови ќе им биде шест години и со право на уште еден избор. Сметам дека ова тело ќе одговори на својата работа и она што беше најрасправано во претходните фази тоа беше за претседателот на ова тело, кој да биде претседател на ова тело и мислам дека овде добро е тоа Министерството и Владата што ги прифатија тие забелешки односно за петседател и заменик претседател на Советот да не може да биде избран министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Тоа го бараа и опозицијата и сега нема да биде претседателот на ова тело ниту министерот за правда, ниту претседателот на Врховниот суд, туку тоа ќе биде еден од судиите кој што ќе биде избран со тајно гласање односно со мнозинство гласови на времетраење од две години. Сметам дека ваквиот состав на судскиот совет на Република Македонија ќе ги даде резултатите кои што се очекуваат за реформите во правосудниот систем од една единствена причина што мислам дека нема да биде тоа да оди во погрешен правец односно ќе ја извршува својата функција онака како што е зацртана во Уставот и во законот.

Во однос на условите за членови во Советот, вчера се усвои еден амандман во кои што условите за тоа кој да биде член во судскиот совет, условите беа девет години, а вчера се измени амандманот и се прифати тоа да бидат со пет години судски стаж, што сметам дека можеби подобро беше да остане девет години. Но, сега тоа е тоа и мислам дека без разлика на условите, тие ќе ја извршуваат својата функција. Она што беше кажано за тоа на кој начин ќе се избира овој судски совет, бидејќи ова е нешто ново, во членот 27 е сосема во ред искажано дека членовите на судскиот совет ќе бидат избрани на седница на Собранието во исто време кога ќе бидат избрани и членовите од страна на судиите. Значи, во рок од 30 дена ќе бидат избрани по итна постапка членовите од Собранието и членовите кои ќе бидат избрани од редовите на судиите и на тој начин ќе се изберат и во рок од 30 дена ќе се одржи конститутивната седница на Советот.

Во однос на надлежноста на Судскиот совет која што е дадена во Уставот во членот 29, Уставен амандман 29, надлежноста е преточена во член 31 и сега, ова е клучното, мислам дека на овој орган овој судски совет ќе врши избор и разрешување на судиите, ќе ги избира и ќе ги разрешува претседателите на судовите и ќе одлучува за престанок на судската функција или да ги избира и да ги разрешува судиите поротници. Многу битна новина е што ова тело судскиот совет ќе го утврдува бројот на потребните судски места на судиите. Мислам дека надлежноста која што е дадена во овој член е сосема во ред и дека ќе ја извршуваат. Можеби во разрешувањето има кажано во законот на кој начин, така што и престанокот на судската функција и разрешувањето се поделени.

Исто така, голема работа или придобивка на демократијата е одлуката за избор на судијата. Така, за судија, за избор на судија, Советот расправа и одлучува на седница на која

присуствуваат најмалку две третини на членовите на Советот, а судиите ќе бидат избрани со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот. Ова е најдемократскиот начин на кој ќе се избираат судиите во Република Македонија, почну вајќи со влегувањето на сила на овој закон од 1 септември 2006 јгодина.

Во однос на некои дилеми кои што беа искажани овде, да не одзема многу време околу правото на жалбата во членот 60 за кој што говореа доста колеги од опозицијата, сметам дека мора да има двостепеност во постапката, а ако не би било предложено ова решение, тогаш би требало истиот тој совет, Судскиот совет да одлучува и по жалби. Мислам дека ова решение е најаедекватно во однос на правото на жалба и на овој начин ќе биде застапен принципот на двостепеност со посебниот совет за одлучување, кој што ќе биде составен од девет члена.

Да не би должел многу, бидејќи многу се говореше и на претходните расправи, сметам дека овој закон е во ред и дека овој закон ќе ги даде очекуваните резултати односно со овој закон и со претходните закони ќе ги направиме потребните реформи во правосудниот систем.

Јас давам целосна поддршка на овој закон и ви благодарам, претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Халими имате збор.

**Илјаз Халими:** Благодарам господине претседателе,

Законот за судскиот совет на Република Македонија е од големо значење кој учествува во паќетот закони и кој има за цел да се направат реформи во правосудниот систем. Природно е дека врз основа на сугестиите и на претставниците на Европска унија, но и врз основа на наша заинтересираност и наши потреби за да направиме измени во рамките на судскиот систем и влеговме во овој процес на измени на неколку закони од големо значење кои учествуваат во рамките на правосудниот систем.

Кога говориме за законот за судскиот совет на Република Македонија, природно дека се направени доста забелешки, предлози кои преку амандманите и, значи интервениравме амандмански тие да се прифатат на овој начин за да се подобри овој закон, со цел за да имаме еден поквалитетен закон. Но, за несреќа поголемиот дел од овие амандмани не се прифатија, посебно амандманите предложени од страна на пратениците кои припаѓаат на опозициските партии. Колку и да се настојува да се говори дека со овој начин на избор на членови на судскиот совет на Република Македонија, ќе можеме да говориме за една деполитизација на овој орган, на ова тело, јас не верувам дека ова е постигнато. Иако, можеби некој имаше добра цел, добра намера, но самиот факт дека самиот претседател на државата се знае дека предлага двајца членови на судскиот совет, а никој не може да ме убеди дека овде не може да има субјективизам или влијание на претседателот кај овие членови на Судскиот совет, кои утре ќе бидат во овој состав на ова тело или во однос на осумте члена на Судскиот совет, кои се избираат од телата на судиите, а се знае дека тие судии кои ги има избрано до сега природно дека партиите кои биле на власт ги имаат избрано и имале можност да направат нивен избор. Тоа значи дека не може да се говори за една целосна деполитизација на овој орган, па може да се каже дека тие не се функционери или членови на високи партиски структукри, но со самиот факт дека тие се определени и тоа не го манифестираат за некоја политичка партија, природно дека не можеме да кажеме дека може да се направи една целосна деполитизација на овој Судски совет.

Јас имав два амандмани поднесено со кои интервенирав, а ниту еден не се прифати. Едниот беше во однос на изборот на судиите поротници, што значи ова му е оставено на претседателот на основните судови, но исто така и на претседатели на апелационите судови да ги предлагаат судиите поротници. Кој може да ме убеди дека овде нема да има субјективизам, кој може да го манифестира претседателот на основниот суд или на апелациониот суд. Можеби да не биде така, но сомнежот секако дека постои. Формулацијата на тој амандман беше многу прифатлива, да се формира една комисија во рамките на основните судови и апелациониот суд да ги предлага судиите поротници, но еве и ова не се прифати од страна на Владата. Исто така, во однос на свечената изјава, членовите на судскиот совет изјавата ја даваат на македонски јазик, но кога се говори за припадниците на етничките заедници кои се над 20% по бројот на жителите, на нив не им се овозможува изјавата да ја дадат на мајчин јазик, туку им се овозможува да го потпишат текстот на заклетвата на мајчин јазик. Значи, ова е во судир, во колизија со Уставот односно со амандманот 5 став 2, од Уставот, каде албанскиот јазик во овој случај овде во Македонија е исто така службен јазик рамноправен со македонскиот јазик.

Сигурно е дека има и други забелешки и бидејќи не се прифатија овие за белешки кои ги предложивме преку амандмани, мислам дека имаме еден сиромашен закон. Немаме еден поквалитетен закон, каков што би сакале ние да го имаме, но како и да е ние како Парламентарна група на ДПА ќе го поддржиме и овој закон, како и другите закони во однос на пакетот на закони, кои ја уредуваат судската област, бидејќи веруваjме дека колку и да се направени некои заложби за да имаме квалитетни закони, но и покрај тоа има доста недоследности, кои верувам дека во иднина ќе имаме можност да покренеме иницијативи за измени и дополнувања на овие закони, за кои верувам дека ќе имаме поквалитетни закони. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Халими.

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Предлог законот за Судскиот совет на Република Македонија еве доаѓа во завршна фаза, што значи треба да се усвои и со тоа на некој начин да се заокружи онаа рамка на реформи во судството односно во судската власт, со која што треба да почне до една поголема независност и самостојност на судската власт.

Овој закон има свое суштинско значење и е битен закон, затоа што можеби и најголемиот дел на она што значеше уставна реформа, а и она што значеше реформи во комплетното судство, треба да се огледа токму преку овој закон.

Главната причина поради кои што се одлучивме за промена или за еден нов судски совет, покрај оние уставни амандмани, е заложбата овој орган, а и целата комплетна судска власт да биде максимално деполитизирана, а тоа ќе се постигне на начин што ќе се избегне бирањето и разрешувањето на судиите преку претставничкиот дом, поточно преку Парламентот, каде што според сите оние оценки кои што имавме можност да ги добиеме и од меѓународниот фактор, но и од домашната јавност, е присутно и беше присутно политичкото влијание на политичките структкури к ои што се застапени во самиот парламент.

Законот за судски совет требаше да добие една сосема нова димензија во рамките на судската власт, требаше да биде еден орган кој што ќе ја гарантира таа независност на судската власт и во најголема мера тоа требаше да биде самостоен орган кој што ќе има сосема поинаква улога, отколку досегашниот Републички судски совет.

Зошто тоа го велам, затоа што ако направиме една анализа на она што значеше Републички судски совет, а што е сега Судски совет на Република Македонија, огромната разлика помеѓу овие два органа е во тоа што Републичкиот судски совет не само што броеше помал број на членови, поточно 7, туку истите беа бирани од страна на Република Македонија, и тоа со обично мнозинство, што даваше голема конотација за тоа дека и тој орган од самиот старт е политички орган. Потоа сите оние предлози кои што ги доставуваше до Собранието и за именување и за разрешување на судиите, од старт можеше да бидат квалификувани политички со одредена доза на политичко влијание. Згора на тоа кога ќе додадеме дека изборот се случуваше овде во Собранието на Република Македонија, со право сите овие години можевме да констатираме дека судството не ни е независно.

Сега се поставува главното прашање: Дали со овој закон, со Законот за судски совет, со овој текст што ни е понуден како конечна верзија со оваа амандманска расправа, дали овој закон ја постигнува основната цел која што ја имавме, поточно дали овој орган е самостоен, дали овој орган е независен во рамките на судската власт и дали овој орган може да ја гарантира таа самостојност и независност.

Морам да признам дека решението кое што се нуди во овој закон, по однос на персоналниот состав на Судскиот совет е решение кое што е уставно решение, значи според уставните амандмани и јасно е дека овој закон не можеше да отстапува од она што е Устав. Јасна е тука тенденцијата дека мнозинството во рамките на Судскиот совет како независен орган и самостоен во рамките на судската власт треба да ја имаат судиите, поточно оние за кои што овој закон се однесува. Тоа е така, затоа што во најголема мера осум членови се избираат со овој закон, каде што е утврдена и постапката како се избираат. Се избираат од редот на судиите, другите се во редот на Собранието, значи тројца ги избира Собранието, на начин како што е утврден и прецизиран овде во Законот. Двајца се по предлог на Претседателот на државата, исто така бирани во Собранието и имаме двајца по функција, тоа се министерот за правда и претседателот на Врховниот суд. Значи, кон овие осум, ако се додаде и претседателот на Врховниот суд, судиите во рамките на овие органи ќе бидат застапени со бројка од девет присутни. Тоа треба да гарантира дека овој орган во најголема мера треба да биде независен и треба да ја обавува таа функција што им ја даде Уставот со тие уставни амандмани. Но да бидам искрен, читајќи го текстот на овој закон не можам да бидам убеден дека овој орган ќе ја остварува функцијата каква што е наменета со овој закон, особено не, како што е дефинирана во членот 2 и мислам дека и покрај сите напори за предлагачот, политичкото влијание ќе остане и понатаму, можеби не во толкава мера, како што тоа го имавме досега, но во секој случај ќе има и одредено политичко влијание, кое што ќе се потрудам да го објаснам во натамошната дискусија.

Мене ми е жал што тука е предлагачот, но тука е и мнозинството од пратениците. Постоеше образложение одредени аномалии, што јас ги сметам дека се аномалии, поточно лоши решенија во рамките на овој закон, не помина, односно не се корегира со амандманите кои ги имавме предложено, така да во најголема мера го задржа оној текст кој што беше предложен, иако имаше и амандмани кои што беа прифатени, а кои што навистина не ја гледам логиката, освен дека е некаков политички договор помеѓу коалиционите партнери.

Ќе почнам веднаш со членот 11, каде што ако некој член можеше да се пофали дека е добар, значи од комплетниот текст на она што ни го понуди предлагачот е токму членот 11, каде што предвидуваше дека член на Судскиот совет, поточно на огласот кој може да се јави, кој судија може да конкурира, за да биде член на Судскиот совет, имаше критериум истиот да има најмалку

девет години судски стаж. За да има логика и втората алинеја, каде што вели дека да има позитивни оценки во последните три години. Навистина, не ми е јасно како Владата го прифати амандманот на пратеничката група на ДУИ, периодот од девет години да се скрати на пет години, што дава огромна шанса и огромна лепеза на еден многу поголем број на судии кои можат да станат членови на Судскиот совет, за кои што лично сметам дека е премало искуството од пет години некој судија да биде член на Судскиот совет, имајќи го предвид се она што Судскиот совет го има како своја надлежност. Нелогичноста споредете ја од овој член со Законот за судови. Земете ги критериумите во тој закон кои се критериуми да се избере еден судија на повисок суд и така натаму, ќе видите дека како основен критериум секогаш се поаѓа од некој поголем судски стаж. Значи, секогаш се поаѓа од поголем судски стаж за да судијата биде судија на Врховен суд, судија на Апелационен суд. И тоа не е случајно. Сигурно има своја цел, за да имаме постручни, поискусни судии во рамките на повисоките инстанци на судската власт. А кога станува збор за еден ваков орган, кој што во основа треба да ја контролира, треба да ја оценува работата на сите судии, вклучително и на апелационите и на Врховниот, тогаш не може да седне таму некој судија со работно искуство од пет години, а да го преиспитува работењето на еден судија на врховен суд, да претпоставиме, каде што услов е над девет години. Значи таа е нелогичноста и останува нејасно зошто Владата го прифати овој амандман, а имаше многу пологини амандмани кои што не ги прифати, освен заклучокот дека и ваквото решение е прифатено од причини на некој партиски договор што веќе стана честа практика овде во Собранието на Република Македонија. Значи тоа е едно од решенијата кои што на почетокот веднаш го потенцирав.

Следно решение кое ми дава за право да се посомневам дека ја губиме основната цел, која овој закон требаше да ја постигне, тоа е и самата процедура на избор на судии. Значи, се прави еден обид, иако овој текст е знатно подобар од првата фаза, кога зборувам за оваа намена, значи самиот избор на членовите на Судскиот совет преку оние комисии кои што се овде утврдени во овој закон, но онаа постапка и процедура наметнува, навистина сомнеж дали може да се оствари објективен избор, или и тука може да се врши влијание преку оние избирачки одбори кои што треба да ги избираат судиите во рамките на ова гласање. Ако правото го има претседателот на судот, на секој основен суд да формира одбор од судии кои што ќе го спроведуваат гласањето, мене тоа ми дава за право да се посомневам дека претседателот на судот може да формира таква комисија за таа комисија да биде под влијание на претседателот на судот, ако земеме предвид дека скоро сите претседатели на судовите во Република Македонија, особено овие денови, кога мандатот завршува , се скоро преименувани на значајни функции и се пополнети сите оние празнини што директно упатува дека политичкото влијание и пнатаму продолжува. Можеби не директно преку Собранието на Република Македонија, туку токму преку овие претседатели кои што власта на заминување во Република Македонија, ги назначи секаде каде што таму имаше простор. Некаде направи промени што ми дава за сомнеж дека токму претседателите на судовите можат да влијаат на ваквите органи. Ние добро знаеме какви се аномалии во изборниот процес и во Република Македонија кога имаме гласање, а и во овој случај можат да се прават преку ваквите одбори. Можеше предлагачот да размисли за нешто сосема друго, на сосема подруг начин да ги предлага и именува ваквите одбори, но тоа сега е џабе да се зборува, затоа што помина амандманската расправа и едноставно, можам да искажам само како една забелешка и како сомнеж.

Исто така, има и одредени проблеми во самиот член 8. Добро решение е што конечно Владата после многу притисоци и од опозицијата, но и од јавното мислење се одлучи, иако тоа го избегна во уставните амандмани, не сакаше да го дефинира, имавме доста расправа по таа работа, кој да претседава со Судскиот совет на Република Македонија. Првата верзија беше претседателот на Врховниот суд, но откако за тоа се спротивставивме сите, конечно предлагачот се одлучи со Советот да претседава, односно да се избира претседател на Советот од редот на членовите на Советот со мнозинство гласови. Сега овде е многу интересно зошто предлагачот се одлучи со мнозинство гласови, што ќе каже еден повеќе од вкупниот број, а зошто се одлучил за избор на секој судија во Република Македонија и за претседател на судовите во Република Македонија истите да бидат гласани, односно бирани од самиот Судски совет со двотретинско мнозинство. Што е поголема функција сега се поставува прашањето дали претседател на Судскиот совет е поголема функција од судија на Основен суд, на судија на Апелационен суд и така натаму, или пак судијата на такви судови е повисока од функцијата претседател на Судски совет. Значи, ако сме запазеле одредена линија, тука многу колеги се изнафалија на одредбите на член 42 и 43, каде што се зборува за изборот, со какво мнозинство се бираат судиите, дека е тоа демократичност, дека таквиот модел на гласање, со таквиот избор дава поголема доверба во судиите. Тогаш аналогно на една таква констатација излегува дека претседателот на Судскиот совет, бидејќи ќе се бира со просто мнозинство, ќе ја нема таа улога, односно ќе го нема тој авторитет како обичен судија. Значи тоа е мое мислење претседателе, не мора да се согласуваме.

Друга една работа, значи, можеше да се размисли. Ние тоа го кажавме во првата фаза кога дискутиравме, да има една малку поголема транспарентност при изборот и на членовите на Судскиот совет, но и на претседателот, особено

на претседателот на Судскиот совет, па и на неговиот заменик. Што би било транспарентност? Транспарентноста би била јавна. Јавност при изборот. Зошто тоа да не биде пренесено директно на медиумите, граѓаните на Република Македонија да го гледат изборот на претседател на Судски совет, затоа што сега тој орган е сосема друг орган. Тоа е еден орган кој е многу битен за Република Македонија, особено за третата власт. Требаше да стои одредба во овој закон, особено во овој член. Секој еден кандидат, кој што се претендира да биде претседател на Судскиот совет да поднесе некаков елаборат, нешто што тој планира да направи во рамките на судската власт. Да видиме кои се неговите заложби, кое е неговото искуство, каква биографија стои зад него и така натаму. Кои се неговите позитивни резултати, кои се негативни и тоа граѓаните да го гледат на еден непосреден избор, како што го гледат изборот на претседателот на Собрание. Каде што можеме и да ве искритикуваме и да ве пофалиме и на крајот и граѓаните го следат процесот, но и оние кои што гласаат. Не ми е јасно зошто ако веќе транспарентноста беше некаков проблем, зошто не се стави одредба, а можеше да се стави одредба за оние кои што се кандидираат да доставaт некаков елаборат. Зошто? Ќе кажам и самиот принцип на гласање на претседател со просто мнозинство и со самото тоа што нема транспарентност и со самото тоа што не е предвиден никаков елаборат и никакви критериуми, укажува дека и таа функција може да биде бирана на начин на некој таму внатре што ќе се договори, или да не речам некакво политичко влијание или притисок, за да се избегне она што сака да се направи. Да не заборавиме претседателот на Судскиот совет ќе има повисока функција од останатите членови на Судскиот совет. Опишано е тоа во законот, немам намера да го објаснувам и читам.

Од друга страна, не ми е јасно зошто постои заменик на Судскиот совет и зошто тоа се вика заменик, а не потпретседател. Дали воопшто има потреба да има заменик или потпретседател, затоа што на крајот на краиштата, освен што треба да се задоволат некои прегрупирања или задоволувања на некакви апетити, не гледам ниту критериуми во овој член и по однос на заменикот, како што кажав и за претседателот. Значи, таа одредба е тука празна и можеби требаше да биде дополнета со она што го кажав, се во смисла да имаме пообјективен пристап кон она што значи овој орган.

Јас имав и амандман на членот 13 и членот 16 поточно, каде што предлагав еден член да се избира од апелационо подрачје Гостивар, затоа што сметав и кажав и кога беше расправата за Законот за судови дека апсолутно непотребно е да имаме апелационен суд во Гостивар и дека делегирање сега на еден член на подрачје на Апелациониот суд во Гостивар е промашена работа, но со оглед на тоа што тој закон помина, со оглед на тоа што Законот за судови е изгласан, затоа не коментирав и не дискутирав по предложениот амандман. Забелешките по однос на тој закон ги кажав и сега нема да се повторувам.

Сега ќе се вратам на членот 42 кој што почнав да го образложувам, каде што се зборува за одлука за избор на судијата и каде што стои одредба дека Советот расправа и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку две третини од членовите на Советот, а судијата е избран ако добиел две третини од гласови од вкупниот број на членови на Советот. Значи, сега повторно во онаа конотација која што ја започнав. Ако член на Судскиот совет, поточно претседател на Судскиот совет може да се бира со просто мнозинство, не ја гледам логиката зошто еден судија би се бирал со двотретинско мноизинство. Сега, ќе ме демантираат колегите кои што овде изнакажаа пофалби дека е тоа демократски процес. Јас ќе ги разубедам дека апсолутно не е намера на предлагачот со двотретинското мнозинство да воведе незнам каква демократија, туку е начин да го заштити господинот Бадинтер, поточно Бадинтеровото мнозинство, поточно да му даде право на заедниците во Република Македонија буквално да влијаат за секоја одлука за судија во Република Македонија. Што ќе значи и таму каде што ќе немаме етнички малцинства или заедници во Република Македонија и за таму, по овој принцип, затоа што видете го составот на Републичкиот судски совет, односно на Судскиот совет, може некој да ви го стопира и да ве уценува да претпоставиме, ако во Прилеп не помине овој суција, или ако треба да помине одреден судија со име и презиме, ама во Гостивар да биде овој судија кој што ќе биде Албанец. Такви уцени ќе има, затоа што двотретинското мнозинство ќе му го даде тоа право. Токму е тоа причината поради која предлагачот се согласил, односно прифатил едно вакво решение. А тоа знаете како. Ќе не одведе во сосема друг правец. Наместо да се бираат квалитетни судии, ќе се бираат судии по принцип на пазарење помеѓу етничките заедници и македонскиот народ во рамките на Судскиот совет. Значи, не сакам сега да образложувам за структурата на Судскиот совет, но ако го видите се она што се бира и од бројот на осумте судии кои доаѓаат од судството колку треба да се почитува принципот на правична застапеност, и во редот на овие тројца кои што ги бира Собранието, исто така треба да се почитува принципот на правична застапеност, па дури од редот кои што претседателот ги предлага, исто така едниот треба да биде по принципот на правична застапеност. Соберете ја бројката ќе видите колку ќе бидат присутни во рамките на Судскиот совет членови од етничките заедници, кои што на овој начин како ќе се гласа судија и претседател на суд, вклучително и членот 43, ќе имаме чисто уценување и тоа токму од господинот Бадинтер под наводници, затоа што на овој начин ќе се случува пазарење, договори в внатре помеѓу членовите на Судскиот совет, не

заради квалитетот, туку заради припадноста на одредена етничка заедница. Тоа не смеевме да го дозволиме, но за жал тоа се случи. Времето ќе опкаже дали сум во право или не и бидете сигурни дека ќе го покаже токму ова што јас го зборувам, уште на првиот избор на одредени судии. Тоа се случувало овде и во Собранието, но сепак Собранието беше нешто сосем друго.

Мора да го потенцирам почитувани колеги членот 60 кој што го дискутиравме во вид на поднесен амандман, каде што и според мене и според комплетната опозиција, овој член требаше да отпадне и да се преформулира на сосема друг начин. Ќе се потрудам сега да објаснам која е нелогичноста од вакво едно дефинирање на една ваква постапка по жалба, значи, двостепеност. Јас ви тврдам почитувани колеги и почитувани претставници на Владата дека со овој член, со членот 60 се дерогира комплетната улога на Судскиот совет. Ако Судскиот совет е дефиниран од членот 2, така како што е дефиниран, не би сакал да повторувам со членот 60 со воведување на совет, кој е во наводници совет, кој во основа е комисија и која треба да постапува и тоа внимавајте совет или комисија во рамките на Врховниот суд, што значи во рамките на една судска инстанца, а тоа е Врховниот суд, ќе има поголеми привилегии и поголеми права самиот Судски совет.

Еве како во пракса тоа би функционирало. Судскиот совет предлага, односно именува одреден член, одредена личност за судија во некој основен или апелационен суд, не е битно каде, или обратно, Судскиот совет разрешува некој судија во некој суд. Истиот тој се жали, се запазува постапката по жалба, имаме двостепеност, логично, и за одлуката на Судскиот совет ќе одлучи Советот, како што е дефинирано, Советот за одлучување по жалби, во рамките на Врховниот суд, каде што Одлуката на тој Совет ќе биде конечна. Кој орган сега е поголем? Јас ќе ви кажам дека буквално во пракса ќе се случува следното: Секој судија кој што ќе биде предложен за разрешување ќе се жали. Не мора овој Совет да ги прифати сите жалби, но нека ги прифати тие што ќе ги прифати, со самата таа работа се дерогира улогата на Судскиот совет. Ако во Судскиот совет водевме сметка во неговиот персонален состав да го издигнеме на една уставна рамка како што го издигнавме и ако таму се расправавме толку време како да го направиме тој состав од судиите, од Собранието, од Претседателот на државата, ги вклучивме сите власти, од министерот за правда кој што е по автоматизам член на Судскиот совет, па и претседателот на Врховниот суд кој исто така е по функција член, направивме едно тело кое е составено од 15 души и му дадовме таков легитимитет, со една ваква одредба го дерогиравме комплетно, затоа што-сега ќе потенцирам- тројца судии на Врховниот суд, четворица судии на Апелационен суд и двајца судии од судот, од судијата од кој е водена постапката, а може да бидат Основен или било кој друг суд, ќе дојдат со поголеми ингеренции од комплетниот Судски совет. Што ќе се случи ако во 90% ги прифаќаат жалбите, дали тогаш Судскиот совет ќе ја има онаа улога која му ја дадовме со Уставот? Јас тврдам не. Во секој случај требаше предлагачот и ние како законодавци овде да му дадеме позиција на Судскиот совет неговите одлуки да бидат конечни и за избор за разрешување. Двостепеноста на постапката можеше да ја бара предлагачот во нешто сосема друго. Да речеме, вчера дадов еден пример но и денес ќе го посочам: и при дисциплинската постапка, но и при разрешувањето по другиот основ, бидејќи постојат две комисии, едната комисија е Комисијата која ќе ја утврдува одговорноста кај дисциплинските повреди, другата е кај оние повреди кои го прават нестручен и несовесен, значи, ако веќе комисиите утврдуваат одговорност, тогаш нека ја носат и одлуката. Ако Комисијата во рамките на Судскиот совет донесе одлука дека тој и тој судија поради повреда на дисциплинска постапка или поради нестручно и несовесно работење, тогаш нека ја донесат и одлуката за разрешување, а Судскиот совет да биде тој што конечно ќе одлучи во второстепената одлука. Тогаш навистина е запазена второстепеноста и мислам односно тврдам дека Судскиот совет на тој начин е најмеродавниот и конечниот орган, токму онака како што имавме цел да го дефинираме во Уставот, а не на овој начин. На овој начин залудно сме направиле орган, кој велиме дека е независен, кој во оваа ситуација испаѓа дека е зависен од 3 судии од Врховниот суд, 4 од Апелационен суд и тогаш да ве прашам сите заедно: зошто ни се потребни претставници од Собранието, од Претседателот на државата, зошто ни се потребни таму челни претставници по функција кога тројца, четворица и уште двајца други судии ја имаат конечната маша во свои раце. Навистина ова не го зборувам само од мое име. Додека овој закон беше поднесен во Собраниеот имав прилика да разговарам и со одредени судии, и не само судии туку сите оние кои што се претставници на оваа фела, кои исто, да не речам во најголем број случаи го делеа моето мислење. Ќе видите, тоа праксата ќе го потврди и ја се надевам, поточно очекувам дека наредната власт во Република Македонија уште на самиот старт, на самиот почеток на нејзиното владеење ќе мора овој член да се преформулира, затоа што ќе покаже слабости во праксата. Толку би кажал во однос на второстепеноста.

На крајот ќе завршам со членот 69, па и сега ќе повторам дека Комисијата која што треба да го спроведе изборот на првиот состав на членовите на Судскиот совет е лошо составена, 5 члена од Министерството за правда, 4 члена од Врховниот суд, тоа е лош персонален состав и тука ако веќе зборуваме за да нема политичко влијание, овде е еклатантен пример на политичко влијание. Министерството за правда е во рамките на извршната власт, дел од извршната власт, дел од Владата на Република Македонија. Владата на

Република Македонија во 100% случаи е политичка Влада и тоа ќе биде и понатаму и еве ви ја директната врска меѓу она што сакавме да го одбегнеме, а повторно го внесуваме на мала врата, повторно имаме политичко влијание. Како таа Комисија ќе функционира се знае, на принцип на гласање. Како таа Комисија ќе го формира првиот Судскиот совет се знае - со мнозинството што ќе го има Министерството за правда и тоа дава сомнеж, независно која политичка структура ќе биде на власт дека токму на тој начин ќе се изврши притисок врз тој орган во рамките, пак ќе кажам, на оние 8 души кои што треба да влезат во судството, каде што ќе се обидат преку една ваква законска можност да се наметне политичко влијание врз Судскиот совет и повторно ќе кажам, тоа праксата ќе го потврди. Праксата ќе го потврди и не ќе можеме да се пофалиме почитувани колеги дека сме направиле департизација или дека сме направиле издвојување на судската власт од рамките на онаа извршна или законодавна власт. Само сме ја смениле бојата на некој начин и можеби не до толкава мерка како до сега, но сепак, политичкото влијание и понатаму ќе се задржи само од овие неколку члена кои сега ги спомнав.

Да резимирам, од сите овие причини очекував и се надевав, после сите оние расправи кои што ги имавме водено и овде во Собранието, но и сите други дебати каде што јас лично сум учествувал, односно нашата пратеничка група и нашата политичка партија дек апредлагачот ќе достави многу подобар закон. Закон кој што ќе даде гаранција дека овој орган, значи Судскиот совет и се она што значи судска власт ќе биде департизирано, поточно ќе ја елиминираме политичката улога или политичкото влијание во рамките на третата власт, но ни дава за право после се она што го искажав дека во најголема мера тоа не сме го направиле со овој закон и сеуште ќе постојат сомнежи кои ќе даваат, со право, забелешки и од меѓународните институции, но и внатре во Република Македонија, нашата јавност, да укажуваат и понатаму дека судството ја задржало својата политичка конотација, поточно дека на ваков начин ќе може да се врши политички притисок и врз она што не ни е цел и намера.

И предлагачот и парламентарното мнозинство и сите ние како пратеници овој закон можеме да го сватиме можеби како една почетна позиција или преодна форма на некое можеби конечно решение кое ќе биде најисправно, и тоа можеме на некој начин да го сватиме и разбереме затоа што сепак правиме огромна новина после сите овие години на транзиција во Република Македонија, ако е тоа единствената причини, значи и предлагачите но и било која Влада, било кој парламент да го гледа времето кое претстои пред нас и онака како овој закон ќе се имплементира, па со тек на време да го корегира она што праксата ќе покаже дека е слабост, тогаш ние како пратеничка група и јас лично нема да стоиме на патот кон реформа, без разлика што овој закон ги има тие слабости кои ги кажав. Се надевам дека ќе имаме слух понатаму, со тек на време, да дојдеме до појсани решенија, а кои ќе произлезат од самото имплементирање на овој закон.

Од сите тие причини, ние ќе дадем позитивен глас, но сакам да знаат и сите пратеници кои не слушаат, но и предлагачот дека овој закон нема да има конечна верзија и дека во најскоро време, како последица на имплементацијата, ќе претрпи измени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Пратениците Аднан Јашари и Хусеини се јавија за реплика.

Три минути реплика за пратеникот Аднан Јашари.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседател.

Има два сегменти или дилеми кои ги постави колегата Караџоски, за кои ценам дека не е во право, па заради тоа се јавив за реплика.

Првото прашање или првата дилема е таа што тој ја постави во однос на амандманот кој што е вчера прифатен, предлозен од страна на нашата партија преку кој ние баравме да се направи намалување на работното искуство за членовите кои ќе бидат идни членови на Судскиот совет на Република Македонија. Со намалувањето на искуството сметам дека ќе се зголеми бројот на кандидатите и преку зголемувањето на бројот на кандидатите сигурно дека ќе се влијае и во насока на тоа од тој број да се изберат најквалитетните членови и преку тоа ќе се зголеми квалитетот, односно да има поквалитетен состав на идниот Судски совет на Република Македонија. Сепак, постои еден друг став или аргумент - ова ќе му го кажам на мојот почитуван колега Караџоски, во првата фаза овој услов не бил предвиден и би било добро колегата Караџоски тоа да го види. Имено, од првата фаза се сеќавам на неговата дискусија, тогаш воопшто не го постави тоа прашање, постоењето на овој услов, за да може еден член или еден судија да се кандидира за член на Судскиот совет на Република Македонија. Значи во првата фаза недостасувал овој услов, сега е предвиден и ние баравме работното искуство да се намали од 9 на 5 години, со цел да се зголеми бројот на можните кандидати и преку тоа да се зголеми и квалитетот.

Што се однесува до Бадинтеровото мнозинство, нешто треба да биде јасно. Почитуван колега, и во првата фаза го нагласив и го рагументирав тоа, сега ќе го нагласам повторно. До колку го забележите Амандманот 6, кој што говори за правична и соодветна застапеност во органите на државната власт, а вие тоа сигурно го знаете, орган на власта е и судската власт, под влијание на политичките партии или политичките субјекти знаете каде се зборува за соодветна и правична застапеност на заедниците, а да не говорам и за застапување во услови кога овој орган се

деполитизира и се повеќе и во иднина ќе се избегнуваат политичките влијанија. Во овој контекст уште еднаш ќе кажам, почитуван колега, вие знаете колкаво е застапувањето на немакедонските етнички заедници во оваа власт и до колку вие цените дека има друг механизам кој би влијаел во насока на реализирање на оваа уставна норма за правична и соодветна застапеност, повелете, предложете го тоа. И во првата фаза ви реков, и во првата фаза вие имавте дилема во оваа насока, ви реплицирав, не ми дадовте одговор. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Јашари.

Една минута контра реплика за господинот Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Јашари, еве сега ќе ви дадам одговор. Вас како политичка партија не ве интересира квалитетот туку квантитетот и преку него да дојдете до што повеќе албанци во рамките на институцијата Судски совет, судија и т.н. Единствено тоа ве интересира. Сега немам намера да ги повторувам истите работи затоа што немам многу време, но воопшто не ви држат објаснувањата ни за 5 години, ни за двотретинското мнозинство, за кое овде мене ме обвинувате. Значи во рамките на судството нешто што е стручно, треба да се бориме за квалитет, а квалитет не е 5 години работно искуство. Значи не може да биде квалитет 5 години спрема 9 години работно искуство. Се знае работното искуство колку е влијателно, колку е битно за квалитетот на еден судија. Затоа, освен што ве интересира кванитетот колку вкупно албанци ќе бидат застапени или влезени во рамките на судската власт друго ништо не ве интересира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Хусеинџевад Хусеини.

Повелете господине Хусеини.

**Хусеинџевад Хусеини:** Јас нема да зборувамкако правник, ќе се обидам да зборувам како праведник, изгледа тоа се два различни поими. Вака господине:

Ја критикувате одредбата за 9 години стаж и дека толку треба да биде, малку е 5 години стаж. Само да ве потсетам дека практикувањето на една работа долго време не е никаква гаранција за професионалност и етичност во таа професија, затоа што имаме и вие се сеќавате за разрешените судии од овој Парламент, кои имаат над 9 години стаж. Толку за тоа.

А што се однесува до "Бадинтер", зошто морате секогаш да мислите дека е деструктивен инструмент. Тоа е единствениот заштитен инструмент.

Исто така, морам да ве пофалам во делот каде што предложивте судиите што сакаат да бидат претседатели на Судскиот совет да поднесуваат елаборати и можеби апел до министерката, можеби е можно тоа да се инкорпорира во практикувањето или во законот. Само толку би кажал.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете господине Караџоски, една минута контрареплика.

**Жарко Караџоски:** Вака почитуван колега, јас не би сакал да мислам дека "Бадинтер" е деструктивен, но праксата покажува дека е деструктивен елемент. Еве ви еклатантен пример. Имав поднесено Закон за измена на Законот за средно образование, кој што Закон по сите основи беше логично да биде прифатен, сите пратеници гласаа, вие со принципот на "Бадинтер" го спречивте тој Закон да помине, за да по една недела министерот за образование го предложи истото решени и тогаш беше усвоен. Тоа ви е најсилниот доказ дека "Бадинтер" се користи за деструкција или се злоупотребува неговата примена. Инаку, да не е праксата таква и да не се знаеме какви сме, можеби би го прифатил тоа што го зборувавте.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Слободан Чашуле.

Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине потпретседател.

Ценета госпоѓо минситер, почитувани колешки и колеги,

Само што додовме од Брисел, од седница на Европарламентот со националните парламенти на сите земји членки, па и на нашата како кандидат. Седницата по многу нешта е за нас историска, но пораките што доаѓаат од таму би сакал да ги споделам на почетокот на моево денешно говорење за Судскиот совет со вас.

Имено, едно од поглавјата за кои се расправаше интензивно два дена во Брисел пред околу 500 - 600 пратеници беше: правдата, правата, слободата. Значи цело поглавје, и старите и новите земји членки на Европската унија, па и Република Македонија заедно со Хрватска, Бугарија и Романија расправаа за оваа работа. И таму централна точка беше имено ова за кое ние денес расправаме, значи како да се обезбеди третата и по многу нешта најзначајна функција на власта, коај е таа која треба да биде општествен медијатор, модератор, хармонизатор на спротивставените интереси во демократските општества, кои се демократски, имено, поради тоа што се темелат на правото да не се согласуваш. Според тоа, се темелат на различни интереси и бидејќи ги негуваат се соочени и со судир на тие интереси и затоа има трета власт која треба самостојно и далеку од влијанието на тие чии што интереси се во прашање да решава по закон и по начинот на кој што таа судска власт решава според законот се цени колку во една современа демократија правото, а не политиката владеат, кога се во прашање правата на граѓаните пред другите граѓани и правата на граѓаните пред државата.

Значи ова ние што го правиме не е нешто ново и не е некоја си домашна работа која како "ѓачиња" треба да седнеме и да ја завршиме. Не, ние ова го правиме заради тоа што тоа е потреба на денот, дотолку повеќе што во својот развој нашето општество е даелку зад општествата чии примери ги гледавме вчера и завчера во Брисел.

Значи, разликата меѓу процесите меѓу другото се состои во тоа што ние ќе теба многу повеќе да одработиме, а не набрзина како што тоа го правиме. Ако на Унијата после 55 години и се најавува потреба повторно да се зафати со ова прашање и не само заради приклучувањето на новите демократии кои исчекорија од посткомунизмот, туку заради тоа што и таа чувствува дека одредени механизми во овој витален сегмент во оваа витална функција на власта не ги задоволуваат потребите на современиот човек, особено сега кога ние и Унијата се редефинира историски од држави на идеи во држави на граѓани. Така што од држави на една слобода на држави на мноштво слободи онолку колку што има граѓани во тоа општество. И сега доаѓаме до она суштественото, како во една еминентно политичка средина како што е демократијата да изградиме власт која нема да води туѓа политика, значи нема да биде политикант. И ние неколку пати до сега во процесот на реформи на нашето општество и државата во него правиме обиди и не доаѓаме до решенија кои не задоволуваат. Па јас иако пред очи ја имам нагласената потреба дека од нешто мора да се појде и овој закон е тој. Сметам дека со сите проблеми во него треба да го усвоиме. Мора од нешто да појдеме. Претходните решенија ни беа само крпење на заостаток од едно друго општество кое си имаше свои други вредности, па според тоа и начинот на кој што се изразуваа конфликтите на интересите во него беше различен. Од таму ни беше потребно да создадеме сега еден систем кој ќе води сметка за новиот облик на односи. Затоа ние можеби ќе се соочиме со најтешката од сите задачи и овде ја гледаме бидејќи таа се појавува како проблем кој во оваа реформа на судската власт ние си го пренесуваме. Знам дека треба од нешто да почнеме, но не сум задоволен да почнеме од доминантната улога на само еден сегмент во судската власт судиите кои според претходните механизми и заостатоците од претходното општество каде што ви велам тие чуваа други вредности. Некои ги нарекуваа и преторијанци на поредокот. Јас не сакам така пежоративно да се однесувам кон нив. Но, знаеме каква беше улогата пред демократските промени и каква е сега. И сега ние имаме едно тело на луѓе кои носат во себе траги од тоа време и не е грев, сите ние носиме по некоја трага од тогаш, не е грев во својот идеолошки багаж да ни остане и по некоја таква вредност, или невредност, ќе каже историјата и времето како и што. На тоа додадовме еден поредок во кој имавме Устав и благодарејќи на овој Парламент го сменивме и го збогативме барем во делот на судската власт Устав кој беше повеќе инструмент за владеење отколку за регулирање на односите во нашето општество и целокупната стручна јавност сега на секоја од кризите со кои се соочуваме, особено на онаа од 2001 година ги согледавме недостатоците на таквиот поредок и направивме обид, еве, барем во судската власт како што направивме и на друго место, да изведеме еден поинаков облик на уредување на односите во судската власт. Меѓутоа, колку и да се трудиме да кажеме дека таа ќе биде самостојна, ние нејзиниот се и сја Советот го направивме во рамките на својата функција во нашата држава и општество еден извонредно моќен инструмент, би рекол најмоќен. Сакам да ја нагласам моќта на овој Совет, да ви ги прочитам неговите надлежности па споредете ги со надлежностите на законодавната власт во рамките на нејзините овластувања и на извршната.

Значи, според глава 4 надлежност, организација и начин на работа на Советот во членот 31 надлежност стои дословно вака. Советот е надлежен да ги избира и разрешува судиите, да ги избира и разрешува претседателите на судовите, да утврдува престанок на судиска функција, да избира и разрешува судии поротници, да ја следи и оценува работата на судиите, да одлучува за дисциплинска одговорност на судиите, да утврдува престанок на судиска функција поради трајна неспособеност за работа на судија, да одлучува за одземање на имунитет на судија и на избран член на Советот, да одлучува по барање за одобрување на притвор на судија, да предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите, да одлучува за врмено отстранување на судија од вршење на судиска функција, да го утврдува бројот на потребните судиски места по судовите, да ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите, да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството, да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работа на судиите и судовите, да поднесува извештај за работата, да донесе деловник и да врши други работи утврдени со закон, ако некоја од овие негови надлежности останала неутврдена. Значи, имаме моќен инструмент неверојатна власт во која доминантна улога имаат судиите, а нема избалансирана претставеност на мноштвото на интереси кои се артикулираат во нашето општество. Така што, би сакал во оваа прилика, бидејќи ова е конечно и нема да може да биде сменето, ваквото говорење да го сфатиме и како јавна и гласна размисла за тоа што не очекува. Заради тоа што ако може Европската Унија да се преиспитува, па која е Македонија да рече дека со овој закон за Судскиот совет и со овие решенија на судската власт завршила работа еднаш засекогаш. Не, напротив и очигледно е дека ние наскоро откако набрзина ќе ја исполниме формата со одредени суштествени решенија кои ги поддржавме и ги изгласавме уште во фазата на промените на

амандманите и сега дека нема да седне овој закон да биде на ревизија на праксата на животот, бидејќи се што правиме го правиме за живи луѓе наречени граѓани, го правиме за неговото величество граѓанинот во оваа држава и ако тој во основа не биде задоволен со овие решенија, ние, или некој друг состав на ова Собрание ќе мора да пристапи кон ревизија на стореното.

И сега кон што сакам да укажам. Прво, тие што треба за себе да судат практично мнозински и судат за себе. Видете го составот на Советот и ќе видите дека доминантни се судиите. Значи, градиме нов облик на самостојност, ама некако не го обезбедуваме од можните негови, еве да не речам застранувања, тоа е тежок збор, јас не сум човек што однапред се сомнева во луѓето. Напротив сум човек кој верува во нивната доблест и спремност како и сите нас овде да направат нешто повеќе, а не само за себе, дека може да се случи заради влијанијата, заради поврзаноста, заради испреплетеноста на интересите и да не бидат толку строги како што од нив се бара, а кога ќе видите дека кога ќе ги систематизирате обврските и правата т.е. надлежноста на Судскиот совет ќе видите дека тој во голема мера решава за кариерите, судбините и за општествената позиција, ако сакате, на судиите и на власта, тоа што ние како Парламент го немаме на пример. Кај нас играта е поинаква, но никогаш не оди толку драстично и не оди толку до крај. При такви услови мнозинството во Судскиот совет каде што бегајќи од хармонизацијата и урамнотежувањето на властите што не е добро, тоа го имаат најстабилните демократии во овој момент тоа е баждарењето на интересите и функциите и дејствувањето на властите. Ние бегајќи од влијанието, или меѓусебното контролирање и балансирање на властите, бегајќи од Собранието, ние практично го турнавме Судскиотр совет во некаква си своја автохтоност со присуство на избрани судии од Собранието и со претставниците на извршната власт и на највисоката судска власт, би рекол во државата Врховниот суд. И сега кога ќе го видите тоа миље, ќе видите дека при просторот за ризик за дебаланс, просторот за ризик за несоодветно одлучување, просторот за ризик за несоодветно работење, без поголема општествена верификација е поставен. Јас не велам дека тоа ќе се случи, но секогаш кога во животот сте исправени пред предизвик нешто да ви се случи, треба да бидете подготвени и ако ништо друго барем во расмислата и да почнеме уште од сега да гледаме како и тоа ќе го спречиме. Кога сега пак кон сето тоа ќе додадете дека, како што зборував пред малку дека имаме неверојатно богата судска власт во која има извонредно многу чесни луѓе во чија што доблест, исправност верувам, луѓе кои беа заточеници на една транзиција со закони кои припаѓаа на други вредности да арбитрираат во општество со сосема други вредности, па поминуваа како што поминуваа низ своите кариери. Но, факт е дека другиот заостаток од тоа време беше начинот на нивниот избор, т.е. доминантно партискиот избор во сите претходни состави на Собранието, И ова мое укажување не апсолвира никој, заради тоа што со инструментите кои се создадоа не за хармонизација на општеството, туку за управување и управуваа сите што по еднаш се свртеа на власта, така што секој се потруди на еден свој начин да даде одредена боја во изборот на судиите. И сега ние велиме, овие судии избрани на партиски листи, ако веќе не беа партиски, беа со партиски гласови, а ние имаме Парламент кој е во основа идеолошки, бидејќи пратениците кои се избрани од граѓаните како што вели Уставот, сепак во Собранието влегуваат како луѓе кои партии ги поставиле на листите. Според тоа, нивната непосредна одговорност кон избирачите не се огледа во излегувањетол на избирачко место на мнозински систем па агитирање за гласови и со личност и со вредности и со понуда за реформи, туку се дел од начинот на кој сме го уредиле нашето општестбво и нашите избори се дел од партиски листи. Според тоа, во дефиницијата на таквите парламенти во светот и кај нас стои дека се тоа идеолошки парламенти. Според тоа, кога еден таков Парламент кој е повеќе израз на идеолошка ориентација и прегрупирање на пратениците, во него ќе избере со мнозинство гласови без оглед на тоа дали е коалиција. И коалицијата не е случајна, затоа што се прави во одредени истоветности и параметри, избира судии за кои ако не се тие како личности такви, повторно ви велам, не сакам да верувам дека се такви. Тие сепак, се избрани со една одредена идеолошка боја во мнозински пропорции. И сега тие со таквата идеолошка боја од која се надеванм и целата надеж што ја имам, гласајќи за овој закон ќе видат дека тие ќе исчекорат побрзо отколку што тоа ние го правиме во таквите, да речеме клаустрофобични политички ситуации. Тие сепак, во Судскиот совет, бидејќи од судиите се бираат членовите на Судскиот совет, се кадарни да ја пренесат таа своја идеолошка марка, матрица, боја, нанетната, доброволна, свесно прифатена. Никој не може да им забрани да имаат политичка мисла во едно демократско општество на слободни граѓани како што е нашето. И сега доаѓаме до она пресудното. Како на тие луѓе кои со мнозинство свое без оглед на тоа кој ги предлага, избрани како што се избираат го конституираат тој еснафски инструмент, бидејќи полека, полека така го димензиониравме, а не како инструмент на власта во една организирана демократска држава во едно слободно општество. Тие сега ќе треба да очекуваме од нив прво, да се ослободат од лојалноста кон својата групација од која произлегуваат и потоа да се ослободат од идеолошката матрица која и ги довела на тие места. Јас искрено се надевам дека судиите ќе успеат тоа да го направат и ќе имаме Судски совет кој навистина во тој поглед ќе биде самостоен.. Но, сомнежот постои, грижата е тука.

Не знам веќе колку денови, минути и секунди потрошивме дебатирајќи имено за ова. Бидејќи ова што го правиме не го правиме заради некаква си формална обврска да изгледаме поубави во Брисел, туку го правиме за да на нашите граѓани им дадеме судска власт која ќе им биде достојна на нивните интереси и на нивните потреби, особено сега кога се наоѓаме во општество кое допрва со ваквава реформа без оглед на сите нејзини дефекти исчекорува од неопштеството наречено посткомунизам и навлегува во општеството кон кое толку многу се стремиме и се вика демократија. Според тоа, во натамошните размисли за тоа како ќе ги доградиме сите власти, а особено арбитражната, медијаторската, модераторската, хармонизирачката, а тоа е судската, мора да поведеме сметка за решенија кои ќе ги растеретат судиите од матриците од професионалната етика и лојалност и ќе ги стават во ситуација таму да бидат претставници на граѓаните како што се надевам дека еден ден и овој Парламент враќајќи се на своите почетоци повторно ќе се врати да биде Парламент избран од граѓаните, а не од политичките партии кои ги користат само граѓаните како гласачка машина за да остварат одредени свои политички интереси во државата. Затоа велам на крај, апелирајќи и потсетувајќи ве имено на седницата на нашиот Парламент претставен од нашата делегација со парламентите на земјите членки на Европската Унија и на Европарламентот да ве потсетам дека овој процес не завршува со овој закон. Најмалку место има за самозадоволство, само треба да бидеме доволно доблесни да го протуркаме и уште веднаш да седнеме да размислуваме како ќе го доградуваме. Една од доградбите, јас како што ја гледам, а можеби ќе згрешам, затоа што за овој облик на право не сум експерт, за меѓународно право да, мислам дека сепак, имено заради транспарентноста за која ние се залагаме, имено заради градењето на понепосредна врска со оние за чиј што имот, здравје и живот овие луѓе треба да арбитрираат, ние мора да изградиме механизам како судиите, барем во нивната зависност, а од некого мора да зависат, од законот и од граѓаните по мојата книга на вредности, тогаш мора да изградиме механизам како судијата ќе го доближиме до оние за кои што тој всушност таму работи и кој во крајна линија одвојувајќи даноци и судски такси и го плаќаат тоа да го работи, а тоа се граѓаните. Според тоа, ние треба во натамошната фаза на доградба, веќе не е доградба, почнавме со изградбата и се надевам дека карабината ја ставивме, во дотерувањето на нашата судска власт да го најдеме тој механизам. Некои општества и тука сега не сакам да навлегувам на стручен тенок мраз, меѓутоа некои општества го решаваат изборот на одредени судии со директни избори, тука се релаксира притисокот на партиите кои сепак ги организираат и учествуваат во тие избори. Но, гласот сепак, доаѓа од граѓаните, во оптек се повеќемина за едно место што дава можност за поголем избор. Во еден период на развој детерминантна улога ќе имаат партиите, во друг период на развој детерминантна улога ќе има угледот на судијата. Се надевам дека ние наскоро ќе дојдеме до тоа. Но, патот е тој. Јас повторно ви велам, мислам дека главниот простор на кој што ќе треба да се работи, да се прави финото штелување е како судската власт да ја направиме одговорна не од политиката, не од Собранието, не од претседателот на Републиката и од Владата, туку од граѓаните.

Тоа е предизвикот што мене и нашата пратеничка група не мотивираше да ги прифатиме измените на Уставот и да го изгласаме овој закон како почеток со една заложба дека, без оглед на тоа каква судбина ќе имаме сите ние после изборите упорно ќе притискаме на тоа судската власт да ја направиме независна од се друго а да биде и те како зависна од тие за кои што постои, од тие за кои што работи и од тие за кои што ја плаќаат, а тоа се граѓаните на оваа демократска држава наречена Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господин Чашуле.

Има збор пратеникот Жерновски Андреј.

Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван потпретседателе,

Дозволете ми сосема накратко во интерес на времето да искажам зошто ќе го поддржиме овој Предлог закон за Судскиот совет на Република Македонија, кои се причините за тоа и зошто целиот тој период се залагавме за една ваква работа.

Во духот на она што го кажа мојот претходник, би продолжил а можеби и би завршил со тоа дека тоа е голем ден за Република Македонија во однос на, особено во нашиот обид за што побрзо да се интегрираме во фамилијата во која посакуваме да бидеме полноправни членки, а тоа е Европската унија. Имено многу е убаво, мудро и паметно кога денот на Европа, вчерашниот ден, го обележуваме точно со една конкретна мерка, со имплементирање на оние критериуми кои се неопходни и кои рековме дека ќе ги исполниме, затоа што нема подобар начин да објасниме дека навистина го реформираме нашето општество, особено судството од тоа, со конкретни дела и тоа да го докажеме. Затоа прво ќе кажам дека ова е голем ден за Република Македонија, голем ден, исто така за овој состав на Парламентот кој го донесува, очигледно ќе го донесе, како и амандманот кој ја отвори вратата за овој закон, да биде донесен. Очигледно дека ќе го донесе со консензус. Тоа е еден голем ден за Парламентот затоа што, очигледно дека се повеќе и повеќе пратеници од овој состав, сигурно и наредниот, уште повеќе созреваме сваќајќи ја улогата што ни е дадена од граѓаните на Република Македонија.

Она што сакам да го потенцирам е тоа што со оваа имплементација, насочена кон независност на судството, ние во овој момент веќе од позитивните извештаи кои ќе стигнат до земјите членки, се разбира и во Брисел, веќе сме во

неколку сегменти понапред од оние земји кои веќе прашање е на време кога ќе влезат во Европската унија, или оние кои се непосредно пред вратите на Европската унија. Така што, во областа на судството имаме веќе и поконкретни резултати затоа што ние отидовме и директно кон имплементација.

Либерално демократската партија, или пратеничката група како дел од партијата, се разбира одамна покажуваше, уште од 1996 односно 1997 година, во своите документи дека сржта на реформите во судството мора да претставува нов Републички судски совет односно независно тело, независно од политиката, кое самостојно ќе ги избира и ќе ги разрешува судиите. Такви забелешки имавме уште во првите документи од Европската унија, при потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација каде јасно беше забележано дека овој систем кој досега функционираше, тоа е постоечкиот Републички судски совет, едноставно не овозможува независност на оваа власт.

Не можам а да не се сетам на една од првите прес конференции на почетокот на мандатот што ги имавме како пратеничка група, кога како ерес беше доживеано тоа што најавивме дека до крај ќе бараме во овој пратенички состав, нов закон за судски совет, затоа што, ги чувам уште извештаите од весниците каде самите новинари не бомбардираа со прашањето, дали знаете дека за тоа се потребни уставни измени. Во тој момент и самата промена на уставни измени, исто така, беше ерес, за да во овој момент имаме согласност од сите во Република Македонија, од релевантните чинители.

Она што сакам отворено да кажам е тоа што тоа го баравме од аспект на партија која учествува во парламентарното мнозинство, значи како поддржувачи на Владата, што даде посебен квалитет затоа што едно е да го барате тоа кога сте во опозиција, друго е да ја правите реформата и да барате вакви промени кога сте во позиција, што значи, да бидеме отворени, доброволно откажување од влијанието што несомнено, ќе повторам, несомнено постоеше од страна на политичките партии. И ние тука бевме сведоци какво влијание имаше политиката односно Собранието врз судството. Се додека членовите на Републичкиот судски совет, досегашното тело, се бираа во Парламентот беше јасно дека не можеме да очекуваме нивно независно работење. Мислам дека со ова кажав и многу повеќе од она што претставува некој искрен настап на било кој парламентарец или политичар.

Ова е голем дека и за судската власт. Ова е триумф на судската власт, на професионалниците, или ако сакате, како популарно велиме на фелата, затоа што неколку пати сме кажувале и како паритја и јас лично дека за состојбите во судството директно е виновна политиката. Сега одговорноста е на нив. Сега веќе нема да можат ниту тие, ниту ние да констатираме односно ние да се вадиме дека судството е виновно, а судството да се вади и да кажат политичарите го кочат целиот процес. Тука сега целата одговорност оди кај таа фела.

Добро е што, очигледно кога ќе се погледно членот 6, бидејќи Советот, како што е потенцирано, не мислам да навлегувам длабоко во текстот, туку да набележам кои се тие моменти за кои се боревме и добро е што тој текст е пред нас. Советот кој е составен од 15 члена очигледно е дека функцијата односно фелата доминира. Значи нема да има можност политиката да делува. Добро е што и министерот за правда е присутен затоа што тоа е случај со поголем дел од моделите кои функционираат во земјите кон кои се стремиме да се приклучиме. Добро е што Собранието сеуште ќе именува тројца членови на Советот, затоа што мора да постои конекција помеѓу овој независен орган и Собранието на Република Македонија. После ќе се навратам на членот 64.

Во членот 8 добро е што со задоволство можеме да констатираме дека е усвоено од страна на Владата тоа што го кажувавме на почетокот дека најдобро е претседателот да се бира по пат на непосредни избори затоа што тоа е модел кој функционира во оние земји кои ги кажав, кои веќе се членови на европското семејство.

Понатаму 11 и 12 се членови кои овозможуваат конечно во Република Македонија да имаме многу поконкретни критериуми за тоа кој може односно кој не може да биде дел или член од овој совет.

Членот 64 е исклучително битен затоа што, тука знам дека имаше по малку и лутење од страна на Владата што инсистиравме, можеби, во последен момент, буквално последните денови пред да дојде втората фаза, кога инсистиравме Советот за својата работа да поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија. Имено, во сите контакти, сите трибини што ги организиравме, се увиде, примерот со Бугарија е најконкретен, дека постои опасност да се формира држава во држава односно судската власт да биде толку независна, потоа да имаме проблем кој е спротивно радикален на оној кој до сега постоеше. Така што многу битно е што Владата се одлучи во текстот да го стави решението, да имаме извештај во Собранието на Република Македонија, особено што, доколку Собранието на Република Македонија не го усвои извештајот, тоа да биде основа за поведување на расправа пред органите што ги избрале членовите на Судскиот совет, за оцена на нивната работа.

Она што на крај би сакал да го потенцирам е тоа што е многу битно ние како пратеници, како претставници, на крајот на краиштата, на граѓаните, да ја испратиме пораката дека оваа реформа всушност не ја правиме поради Брисел, туку поради нас, поради самите граѓани, затоа што на нас ни се потребни реформи, на Република Македонија конечно и беше потребно независно судство.

Се разбира, како што кажаа и претходниците, на крај ќе завршам со тоа, оваа наша битка продолжува. Ние ги поставивме темелите за независно судство, сега останува да се бориме за ефикасно судство. Благодарам.

(Со седница продолжи да раководи претседателот на Собранието на Република Македонија, Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Сакам да ве информирам дека ќе гласаме по овој закон во 13,00 часот, бидејќи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ најави пауза од 12,00 до 13,00 часот, поради нејзините активности. Беа коректни и не побараа затоа што имаше расправа и дозволија таа расправа да заврши. Но, затоа, јас сакам да бидам коректен и во 13,00 часот ќе пристапиме кон гласањето. Во меѓувреме ги молам координаторите на пратеничките групи да ги повикаат своите пратеници за да обезбедиме кворум за гласање а колку што јас од дискусиите сватив е дека сите пратенички групи ќе гласаат по овој закон.

Службите нека го утврдат бројот на присутните, ве молам.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните)

Благодарам.

Присутни се 62 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 60 за законот, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Следнава точка ќе ги интересира многу од присутните овде пратеници.

**Минуваме на точката 20: Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатурата, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Господине Томиќ пов елете.

**Зоран Томниќ:** Почитуван претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Ве молам за трпение, бидејќи нема да ви одземам повеќе време од 5 минути.

Потребата од реформи во правосудниот систем ја заокружуваме со уште еден закон од извонредна важност, тоа е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатурата. И, навистина би бил многу краток, морам да кажам дека станува збор за краток, јасен закон што произлегува од потребата инкорпорираност и на уставните промени што ги донсовме, меѓутоа и од она што значи практична примена во делот на заокружување на судскиот систем.

Повторувам, Предлогот е навистина сеопфатен, добар, содржаен, составен само од 26 членови, меѓутоа во интерес и на времето, ќе го кажам само она што по мое мислење и по мислење на дел од колегите можеби Министерството за правда, сеуште не е доцна, нели, да бидат инкорпорирани одредени забелешки, како би се добил уште поквалитетен текст на закон.

Ги разгледав, почитувана министерке амандманите, драго ми е што истите се во целост прифатени од страна на Владата и на Министерството и мислам дека се сосема коректни бидејќи доаѓаат од едно многу значајно и видно собраниско тело, како што е Законодавно-правната комисија при Собранието.

Она што сакам да кажам сметам дека во членот 2 ставот 2, зборот "исклучиво" треба да се замени со зборот " првенствено" од потреба или образложение што е нереално да се негира професионалниот интерес на адвокатите во извршување на адвокатската дејност која претставува нивно исклучиво и хумано занимање но не и хуманитарна активност.

Понатаму во членот 3, сметам дека можеби , Министерството нека размисли, да се бришат зборовите "се додаваат зборовите составување на договори за остварување, партнерство, соработка и слични акти во врска со основањето и работењето на деловните субјекти" а по зборовите " државни органи итн", од едноставна причина што таа содржина е веќе опфатена со поимот правни дела.

Меѓутоа, она што посебно сметам дека има потреба да се размисли во оние два клучни моменти едниот е да во членот 6 од ставот 2, во точката 2, по зборовите " носат тога", да се брошат зборовите до крајот на реченицата а на нивно место да се додадат зборовите " кога постапуваат по кривична постапка со судница при одржување на главен претрес". Причината е едноставна и многу практична, бидејќи тогата е елемент што дава тон на сериозност и свеченост но од друга страна е многу непрактичен реквизит што пречи и не може во секоја прилика, како што е увид на лице место, реконструкција и сл, во било кој предмет, како и во сите предмети со мала вредност да се употребува. Сугерираната корекција би кореспондирала и со практиката на земјите со долга судска традиција.

Во членот 7, по зборовите " работен однос", потребно е и предлагам да се бришат зборовите "во органите на државна управа", бидејќи е несоодветна аналогната примена на некои одредби содржани во членот 9 од Законот за државни службеници, со што се регулираат условите за вработување во органите на Државната управа.

Во членот, новиот член 12-а, можеби е добро да се брише ставот 3, од причина што адвокатурата е многустрана и штетна кумулација на фунцкија во едно лице што создава услови за лидерско однесување и лесна афирмација од професионално недоволно ангажиран или докажани адвокати, така што функцијата претседател на Управниот одбор на Адвокатската комора на Македонија не претставува никаква гаранција за професионална компетентност, да тоа лице, по автоматизам, биде претседател на испитната комисија за полагање на адвокатските испити.

И конечно, би завршил со уште една моја сугестија, а тоа е во поглед на членот 12, по зборовите " посебен закон" да се избришат зботовите " коморска маркичка утврдена со акт на Адвокатска комора на Република Македонија" а тоа е нешто содржано во член 19 и член 24, затоа што сметаме дека приливот на средствата од коморската маркичка очигледно е во функција на обезбедување на средства на Адвокатската комора на Македонија и би ја претворила Адвокатската комора на Македонија на товар на странките во многу доходовна организација, наспроти нејзиниот непрофитабилен карактер.

Овие забелешки ми се врачени неколку дена пред одржување на оваа седница, така што немав ниту време да интервенирам, па би ја замолил Владата, конкретно министерката за правда да ги има предвид сериозно овие укажувања. Сметам дека со тоа нешто овој закон, што и те како е важен и толку добро изработен, би добил само на значење и она што секако на крајот би го кажал дека во целост истиот ќе го поддржиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(службите го утврдуваат бројот на присутните)

Благодарам.

Присутни се 61 пратеник.

Предлагам Собранието да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатурата.

Ве повикувам да гласаме.

61 присутен, од нив 59 гласале, 59 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни, гласале 55, 54 гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 во воведната реченица и на новиот ред; член 8 во новиот член 12-а за додавање нов став 5 по ставот 4; член 19 во воведната реченица и за бришење на ставот 2; член 22 во воведната реченица и на новиот ред и на член 24 во новиот член 39-а, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јанаќе Витановски поднесе амандман на член 8 во новиот член 12-а за менување на ставот 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во новиот член 12-а за менување на ставот 3 поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен.

Станува составен дел на текстот на Законот.

Кога подолго време седите во Парламентот, нешто ќе научите. Ако се разврзе дискусијата, нема да има кворум.

Констатирам дека амандманот е усвен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Молам кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 55 гласале, 54 за, нема воздржани, еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатурата.

**Минуваме на точка 21 - Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме Предлог-закон за изменување на Кривичниот законик, очекував дека ќе се пријават повеќе колеги за дискусија, не ги гледам ни новинарите, а ова што е доставено до нас пратениците стои дека еден од оние кои ја бараа оваа измена во Кривичниот законик е токму Здружението на новинарите на Република Македонија. Она што вие го кажувате како причини за донесување на овој закон всушност почнува со потребата за востановување на ефикасни мерки на планот на превенцијата со нагласена неопходност, со создавање рационален и ефикасен инструмент во борбата против криминалитетот воопшто.

Донесувањето на овој закон е последица на определбата на Република Македонија за интегрирање во европските текови, а посебно процесот на евроинтеграција поради што е неопходно усогласување на нашето казнено законодавство со законодавството на развиените европски држави кај кривичните дела против честа и угледот, посебно кај кривичните дела, клевета и навреда.

Пред нас го имаме овој закон кој се состои од 7 члена каде се изменуваат членовите 172,173,174,175,176 и 177. Вие кажувате дека со оваа промена на законот ќе добиеме многу поодговорно новинарство, ќе добиеме ситуација во која сите граѓани во однос на клеветата, навредата и останатите дела кои се третираат со овие членови ќе бидат донесени во ситуација да имаме многу поголема одговорност со тоа што во сите овие членови се брише казната затвор.

Во однос на старите членови, мора да кажеме дека овој закон всушност оди на бришење на ставот 1 каде секогаш има затвор до 6 месеци, затвор до 3 месеци и ставот 2 кој во сите членови отпаѓа, ако дело од став 1 е сторено преку печатот, радиото, телевизијата, електронска пошта или со други средства за јавно информирање или на јавен собир сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до 1 година и сите овие се избришани.

Сега, доаѓаме до една ситуација која ја имавме претходните години, ја имаме и сега, мислам дека треба да бидеме многу поодговорни дали е ова начинот со кој со овие промени доаѓаме во ситуација заради тоа што повеќе нема да има затвор, ќе биде послободно оној што сака да ги искаже своите мисли да ги искаже секогаш и да ја донесе личноста против која е сето ова кажано во ситуација на самиот суд после зборот "извини" сето ова да не важи.

Мислам дека ваква ситуација апсолутно никој не ја посакува, дека имаме ситуација во која само во еден дел се запазува она што значи верска припадност, она што значи расна припадност и само во таа ситуација имаме момент кога оној што ја извршил навредата преку електронски медиуми или на било кој друг начин може да следи казна затвор.

За сето друго ова го нема и мислам дека на овој начин нема да направиме апсолутно ништо повеќе во однос на одговорноста на оној што ги изнесува овие факти затоа што еве, јас ќе ги потсетам, ќе се обратам директно до новинарите затоа што многу често граѓаните на Република Македонија се бомбардирани со такви информации од афери, корупции и не знам какви работи, но во нивните редови се случи една афера, тоа е аферата "фабрика" во која се дигна врева ден-два и тука заврши.

Јас апелирам до господата новинари заради нивната бранша, заради нив самите да не бидат тие што ќе бидат вклучени во таа "фабрика" што работи дење-ноќе и за која ние со овој закон ќе дојдеме во ситуација било кој од тука што е поставен како отстрел да биде отстрелан и затоа има одредена вредност, тоа е цена која некој ќе ја плати. Дали ќе ја плати истиот или ќе ја плати некој друг кој работи преку тие луѓе, мислам дека апсолутно е непримерно и затоа очекував самите тие да побараат начин оние луѓе кои работеле во насока на дефетизам да бидат откриени сите оние кои биле во таа ситуација да работат за некого исто да бидат откриени за да падне се она што е против нив самите затоа што верувам и знам дека има чесни новинари кои си ја работат својата работа чесно, но во оваа ситуација во која сега се наоѓа Република Македонија каде имаме и во самите простори кои едноставно ја бомбардираат јавноста со најразлични информации и зборот "извини" е некогаш многу да го слушнете и покрај тоа што е искажана невистина, покрај тоа што против одредени личности се дигаат хајки, се прави се некој да биде уништен. Дали после тоа зборот "извини" или паричната казна е тоа што секој треба на крајот на краиштата да го каже и со тоа да биде ослободен од било каква одговорност.

Јас мислам и знам дека во Европската унија за вакви ситуации во кои се објавуваат секакви злонамерни информации, секакви невистинити информации многу од тие новинарски куќи, многу од тие телевизиски куќи денеска не постојат. Затоа што платиле огромни обесштетувања, платите средства кои биле повеќе од оние што тие можат самите да ги дадат. Прашање е колку и како судот и судовите ќе можат да одлучат колкава е навредата за одредена личност, колку е неправдата која е нанесена и колкава е штетата, бидејќи се работи за клевета, се работи за навреда, се работи за нешто што, за жал, во нашата држава стана секојдневие. Дали начинот некој нон-стоп се брани од нешто што не е вистинито е начинот на кој ќе се води оваа кампања, начинот на кој ќе се напаѓаат личностите како што се напаѓаа до сега. Мислам дека можеби ова требаше да има некое дополнување или начин на кој новинарите ќе ја имаа одговорноста, не се работи за тоа дали некој ќе биде осуден на 5 години ќе го направиме маченик, но се работи за она што треба да имаме правилна и реална информација на граѓаните. Таква ситуација во моментот не гледам, за жал, гледам многу политички "кујни", гледам многу газди кои работат со новинарите каде имаме една

информација која мислам дека во 90% е она што значи цензурирано или автоцензурирано и тоа не не води никаде.

Јас сум дефинитивно за слобода на печатот, јас сум за тоа да има телевизија на која сите ние кога сакаме да гледаме нешто што е реално да се повикаме на тие дејствија или на тој весник, таква ситуација моментално можеби е многу ретка или никаква, за разлика од она што ни е убаво, за разлика од она што секогаш ќе не полни, но тоа ме потсеќа на едно минато време кога постоеја спортски весници и можеше кога сакате да ви биде убаво да си го земете весникот во кој пишува за вашиот клуб или ако сакате да се нервирате, весникот од противничкиот клуб, но на крајот имаше и еден весник во кој можевте да прочитате она што се случува реално. Мислам дека тоа е целта на сите нас, а ги повикувам новинарите да ја завршат борбата во своите редови како што тие бараат тука од нас како пратеници да се бориме за сите закони, да се бориме за она што е во интерес за граѓаните и мислам дека многу од нас тоа го прават и затоа ние тука сме со име и презиме, ние сме пратеници, тоа е точно, 120 луѓе, но сите имаме име, презиме, дигнитет и затоа мислам кога се ставаат работите во кош е многу лошо затоа што тоа Здружение на новинари после некои протести во 2001-2002 година многу од нив станаа портпароли во оваа Влада. Јас не би сакал сегашните протести, ако ги има, повторно да направи некои портпароли на некоја идна влада и се така да се менуваат работите и додека луѓето ја сфатат суштината на она што значи слободно говорење, на она што значи слободно пишување и она што значи слободна мисла, ние ќе го изгубиме она што во моментот го имаме, а тоа е тешко политиканство кое може да носи само крајно негативни резултати.

Јас се надевам дека ова што го предлагате многу скоро, би сакал да бидам демантиран, но чувствувам дека сето ова ќе донесе уште поголем наплив на такви сериозни напади без сериозна содржина и без никаква содржина, на напади кои ќе бидат донесени од некаде или програмирани и насочени кон одредени личности, политички партии и граѓани во оваа држава.

Мислам дека моето мислење во однос на она што го кажувате дека ќе се зголеми критериумот и дека на овој начин ќе биде зголемена одговорноста, јас мислам дека со овој закон што вие го предлагате, со овие измени, дека таа одговорност се намалува и сигурно дека критериумите не се истите кога имате чувство дека можете да бидете затворени, мислам дека одговорноста е многу поголема за она што ќе го кажете отколку во оваа ситуација кога на планирано и програмирано некој може да плати за вашата "дрскост" да можете да кажете за било кој што сакате. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Ивановска, реплика од три минути.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, колега Мавровски, јас од вашата дискусија не разбрав дали ги поддржувате или не ги поддржувате измени на Кривичниот законик.

Вашата дискусија повеќе би ја сместила во дискусија на некој закон за медиуми, регулација и само регулација на новинарството во Република Македонија. Повеќе беше опфатено како јавен повик како новинарите да се однесуваат во Република Македонија и тоа ме упатува на мисла дека вие сте за задржување на затворската казна за новинарите што е сосема спротивно во современите текови каде апсолутно сум против затворска казна како што предлага Законот за укинување на затворската казна за изречување на клевета во членот 172, за навреда во членот 173 и изнесување на лични и семејни прилики во членот 174, меѓутоа, тоа не значи намалување на одговорноста на изречената јавна клевета на оние кои ја изнесуваат, па на било кој медиум да се однесува. Значи, останува паричната казан доколку тоа по судски пат се докаже.

Секако дека со тоа не се намалува одговорноста, а состојбата во медиумите, јавното информирање, тоа е тема на која треба да се дискутира на некоја тркалезна маса. Неколку пати укажував, а и во Собранието сме зборувале дека Законот за медиуми ќе го регулира тоа, но и само регулацијата на Здружението на новинарите во делот на изнесување на јавно искажаниот збор особено преку електронските медиуми, одговорноста стои на уредувачките куќи во тие медиуми. Секако она што го зборувавте во кампањата ќе прави штета на поедини личности, меѓутоа, занимавањето со политиката и пратеник во Собранието го носи тој ризик на јавната личност која во јавноста секогаш е изложена на секакви напади. Меѓутоа, по судски пат единствено со парична казна е најсоодветниот развој на демократијата во Република Македонија со укинувањето на затворската казна која се предлага со овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Мавровски

**Спиро Мавровски:** Благодарам госпоѓо Ивановска, јас не кажав дека сум за поддржување на казната затвор, ако ме следевте, кажувам една ситуација, со овој закон како што е донесен, одговорноста, како што кажуваме во причините за донесувањето, апсолутно мислам дека нема да биде поголема и апелирав, токму тоа беше мојот говор, на сите оние кои ги користат таквите средства и кои очекуваат некој друг да плати за нив да кажат секакви невистини. Сведоци сте и вие и можете многу лесно да ги утврдите.

Токму во таа насока беше мојата дискусија, а во однос на поддржувањето на законот ние ќе го поддржиме, но вие самата кажавте дека ќе беше добро да има една тркалезна маса на која ќе се расправаше за сето ова и да дојдовме до ситуација да имаме еден почист закон во однос на тоа што ни е тука предложено. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Макрадули, имате збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој Предлог за изменување на законот затоа што активно учествувала во повеќе тркалезни маси кои ги организираше Здружението на новинарите на Република Македонија, ОБСЕ и други организации со единствена цел да направиме измени во законот кои ќе бидат по европски стандарди и компатибилни со европските искуства.

На една од тие тркалезни маси на кои и јас присуствував лично министерката за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска им излезе во пресрет на заедничкиот став што го имаше Здружението на новинарите и ветувањето кое беше дадено денеска го имаме преточено во Предлог на закон тука пред нас и пратеничката група на СДСМ се согласува дека казната затвор треба да се укине, дека решението или зголемувањето на одговорноста во медиумските куќи треба да се бара внатре во еснафот, а не тоа да го диктираме ние овде со некои законски акти и проекти. Мислам дека граѓаните веќе направиле дистинкција помеѓу солидни, посолидни и условно кажано трачерски медиуми во Република Македонија, без разлика дали се од печатените или од електронските медиуми.

Не само заради барањето на Здружението на новинарите на Република Македонија, туку и заради усогласување со европските стандарди и принципи ние ќе го поддржиме овој закон. За жал, Република Македонија е една од последните земји во Европа каде уште постои казната затвор за навреда и клевета и повторно одговорноста и зголемувањето на одговорноста ќе ја вратиме таму каде е, а тоа е во еснафот, внатре во Здружението на новинарите каде тие треба да си ги решаваат работите меѓу себе, а паричната казна во однос на одговорноста треба да биде изразена.

Иако искуствата во Западна Европа кажуваат каде посебно таблоидите свесно влегуваат во одредена афера каде знаат дека тиражот ќе биде доволно голем за да и со евентуалната парична казна повторно заработат. Се разбира, пазарот кај нас е многу помал, но сепак паричната казна мора да остане. За нас одговорноста мора да се бара внатре во еснафот, а не тука ние да диктираме со некои законски проекти. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Адеми, имате збор.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседателе , почитуван министер, почитувани колеги,

Во врска со Предлогот за измените на овој закон сакам да кажам два-три збора по однос на ова прашање. Јас лично сум против цензура, сум за слободен збор кој нема да ги повреди правата и слободите на граѓанинот, слободен збор кој нема да го повреди приватниот живот и јавниот живот на лицата било да се јавни или приватни лица. Затоа реков дека сум против цензура, но и покрај тоа ова прашање е чувствително прашање, сака еден сериозен пристап, бара пристап без емоции и треба добро да се анализира.

И покрај тоа ценам дека треба да постојат прописи и етика во прв ред кај редакциите, но и кај новинарите. Сведоци сме дека во Република Македонија се случија доста натписи кои ги имаат етикетирано јавните лица и сите тие новинари на еден начин завршија на судски седници, рочишта, имаше голем одзив за истите седници, бидејќи се вели дека се казнуваат новинари за нивните написи.

Мислам дека во текот на подготовката на овој закон или за донесувањето на овој закон треба да се предводиме од споредбените искуства со разни други земји кои имаат можеби подолго искуство со вакви проблеми и да видиме какво е искуството во тие земји.

Од тоа што јас сум можел да дознам, или сум можел да увидам и да следам во други земји, постои одговорност за напишаниот текст, но разликата меѓу тоа во нашава земја и во други земји е дека одговорноста на некој начин ја носи и редакцијата на самиот весник, а не самиот новинар. Значи постои некој вид на одговорност. И натписот и текстот кој го издава еден весник треба во прв ред да го утврдиме, да го верифицираме бидејќи новинарот на крајот на краиштата има за цел да го напише текстот додека редакцијата е таа која треба текстот кој новинарот го поднесува за да го издаде да го верифицира на разен начин. И одговорноста за тој дел во другите земји паѓа кај редакцијата, а не кај новинарот.

Ние како јавни лица честопати даваме изјави, декларации и во многу случаи можеби нашите изјави се изместуваат. Но, имаме искуство дека новинари кои работат и за домашните редакции и работат и за странски редакции и кога ја зема веста за надворешни редакции вели ве молам оваа изјава ќе ви ја дадеш тонски бидејќи не ми ја прифаќаат изјавата, или цитат од изјавата и затоа треба да ми дадеш тонска изјава. Кога изјавата ја зема за домашните агенции ова не го бара, мислам тонски. Затоа велам дека во меѓународните агенции постои одгорворност додека кај нас оваа одговорност на некој начин е бледа.

Да заокружам и да кажам дека ние ќе го подржима кривичниот законик, но и покрај тоа мислиме дека еден вид одговорност и етика треба да постои. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Трендафилов, имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас ќе ја подржам измената со која ќе се анулира казната затвор за новинар кој во медиумите ќе изнесе невистини кои како такви ќе бидат докажани по судска постапка од една едноставна причина.

Се надевам дека доколку во иднина се случи Никола Младенов и "Фокус" да изнесат, да објават во јавноста текст кој нема да ми се допадне дека правосудниот систем во Република Македонија ќе реагира брзо и рапидно, како што реагираше во случајот со наводите изнесени во "Фокус" врзани со наводните сметки на господинот Хари Костов и господинот Бранко Црвенковски како и рочиштето да биде закажано и одржано на Велики петок пред Велигден. Значи, ја поздравувам искреноста и брзината на судските органи во овој случај и очекувам таа да биде со оглед на тоа доколку некој друг се почуствува загрозен од "Фокус" и од Никола Младенов.

Исто така ќе ја подржам оваа измена затоа што кога господинот Јордановски од позицијата претседател на Собранието на Република Македонија минатиот мај исто така имаше Денови на Парламентот на Република Македонија, според тогашниот извештај на Фридам Хаус Република Македонија се наоѓаше на 96 место како земја со слободни медиуми. Оваа година исто така во Деновите на Македонското Собрание Република Македонија напредува на таа листа и денеска се наоѓаме на 111 место според извештајот на Фридам Хаус, веднаш зад Хондурас, а Хондурас ако добро ме служи помнењето нема кандидати за членство во Европската унија, ниту појавила било каква желба да се приклучи кон НАТО.

Овие две работи ги кажувам затоа што предвечерието на изборите Владата и медиумите како едни активни чинители во креирањето на јавното мислење во Република Македонија можеби ќе се најдат во ситуација да полемизираат користеејќи го медиумскиот простор во време на кампањата и по кампањата и да се обвинуваат меѓу себе кој повеќе придонел на штетата на угледот на Република Македонија. Ова го зборувам затоа што земја која претендира да се зачлени во овие две институции, а истовремено се наоѓа на 111 место на извештајот на Фридам Хаус верувајте, не сакам да бидам песимист и нема некоја добра перспектива затоа што советите и на двете меѓународни организации меѓу другите извештаи во поглед на реформите кои Владата ги презема во одредена земја се зема и демократскиот развој во општеството каде што по логиката на нештата Владата не би требало да има некаква активна улога. Затоа ќе ги поддржам овие измени очекувајќи дека онаа заедничка нишка која дел од Македонските медиуми и извршната власт ја имаат, а таа се допира во една, би рекол тајна организација која се нарекува себе си фабирка ќе успеат и ќе најдат заеднички јазик и Република Македонија нема следната година со некој друг претседател на Собранието на Република Македонија да се најде десетина места подолу на листата на Фридам Хаус. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов имавте од мене бонус бидејќи распишани се изборите, па повелете можете и оваа говорница да ја користет за тоа.

Но, дали јас погрешно ве разбрав, или вие сте против Денови на отворен Парламент? Дали Деновите на Парламентот е причина за тоа, бидејќи вие споменавте така нешто.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас не реков дека сум против или за, зборувам дека деновите кога Собранието на Република Македонија на начин кој некому можеби му се допаѓа, некому не се обидува оваа институција да ја доближи до граѓаните, повеќето граѓани кои се надвор од Скопје можеби нема да можат да бидат запознаени на директен начин како жителите на Скопје, таа должност ја имаат повеќе или помалку како обврска медиумите. Истите тие медиуми кои во организација на Собранието, се сеќавате на онаа сесија кога пратениците беа во улога на новинари, а уредниците на новинари беа во позиција да одговараат на прашања. И едните и другите без оглед и на сменетите улоги секој втор збор или во секое обраќање, во секој втор збор се содржи демократија и се содржи А-4 формат во секое обраќање ќе најдете 15 пати спомнување на НАТО и уште толку пати спомнување на Европската унија. Но, минатата година во таа дебата во тој извештај бевме на 96 место, денеска ќе бидеме во истите тие денови на 111 место. Дали некој се чуствува задоволен или дали некој се чуствува повреден или навреден факт е дека Република Македонија денеска се наоѓа подолу во графата на земји со делумно слободно новинарство.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, сега ми е појасно.

Повелете госпоѓо Ивановска имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Најнапред ви забележувам што не преќинавте бидејќи беше надвор од контекстот од предлогот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Јас реков давам бонус и затоа ќе имаме можеби уште една седница.

**Лилјана Ивановска:** Во ред, Денови на слободен Парламент и овде може пратениците да го кажат своето мислење.

Најнапред сакам да го кажам ставот на пратеничката група на Либерално демократската партија околу измените на кривичниот законик.

Ги поддржуваме измените на кривичниот законик, со укинување на затворската казна на изречена клевета, навреда и за изнесување на лични семејни прилики кои што постоеа во кривичниот законик. За среќа од донесувањето на кривичниот законик кога за тоа одредба беше донесена, која што тогаш можеше амандмански да се измени и уште тогаш да се укине затворската казна, за среќа оттогаш до денеска не беше изречена ниту една затворска казна, така да воопшто не е направена штета по тој закон во делот на изречување на казните за унапредување на слободата на искажување на јавната мисла и во делот на слободното информирање и новинарство.

Во оваа прилика сакам да кажам дека со законот за слободен пристап на информации со законот за конфликт на интереси рамката во делот на креирање на транспарентно и отворено општество веќе е заокружена, меѓутоа останува еден простор во кој што во делот на медиумите, каде што дел од колегите кажаа делот на саморегулација од страна на новинарите не е доволно.

Сметам дека во Република Македонија има монополска позиција во делот на пишаните медиуми, во делот на сопственичката структура. Три тиражни дневни весници се сопственост на еден сопственик, така да во делот на медиумската концентрација, во делот на пишаните електронски медиуми треба да донесеме закон за медиуми во кој што еден од главните учесници во подготовката на тој закон би требало да бидат здруженијата на новинарите и сопствениците на медиумите, секако и Собранието и Владата. Така да еден таков закон кој што регулира едно ограничување на сопственоста во некои медиуми, значи оргграничување на монополската позиција на одредени медиуми дали е тоа медумски или пишан медиум ќе доведе до вистинска слобода на новинарите, затоа што голем дел од новинарите немаат вистинска слобода во пишувањето во делот на уредувачката политика на одреден медиум кој што може да биде раководен најчесто од економски центри на моќ. Тоа е едно прашање кое што понатаму во Република Македонија треба да се развива, да се решава и кое што ќе доведе до едно одговорно информирање во јавноста, каде што јавните личности од друга страна ќе бидат заштитени од шпекулации. Секако дека спороста на судските спорови или брзината на судските спорови може да нанесе штета на таа личност ако судскиот спор треа. Во електронските медиуми знаете дека една минута може многу штета да ви направи, а вие може да чекате два три месеци за да преку судски спор како јавна личност докажете дека ви е изречена клевета и таа штета може да биде поголема. Не мора да биде на јавна личност, може да биде на некоја компанија која што може да и нанесе голема штета со изречување невистини во јавноста. Така да во тој дел сметаме дека како Парламент Република Македонија треба Законот за медиуми да го донесе се со цел за унапредување на слободата на мислата во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Ако малку подетално ја следевте и анализиравте вашата расправа и на вас ви дадов малку бонус. Тоа е мојата реплика во врска со вашата дискусија.

Бидејќи други нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Гласањето по заклучокот ќе го заклучиме, реализираме во 15,00 часот.

Пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,54 часот)

(По паузата )

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Молам пратениците да влезат во салата.

Со оглед на тоа што заклучен е претресот по предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик.

Молам, пратениците да влезат во салата, за да можеме да преминеме на гласање.

Дали може од координаторите да дознаеме за присуството на пратениците, затоа што ни недостасуваат уште осум пратеници, ќе го викнеме претседателот, заз да имаме кворум.

За овој закон сите им рекоа на новинарите дека уште пред три месеци го поддржуваат.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието, Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Сега сме 61 пратеник и можеме да продолжиме со работа.

Зам дека потпретседателот го прочита заклучокот.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Од 61 присутен пратеник, 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 59 гласале, 59 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 3, 5.3., за менување на став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандмано тна член 5.3 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи немам пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 49 гласале, 9 за, нема воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 53, за гласале 53 пратеници, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Кривичниот законик.

**Минуваме на точка 22. - Предлог на закон за енергетика.**

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 26 став 1, алинеи 2 и 3 и на член 30 став 3 и тие се составен дел на текстот на предлогот.

Амандманите што ги поднесе Владата на Република Македонија на член 26 став 1 алинеи 2 и 3 и на член 30 став 3 се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 53 став 3 и член 54 став 1 и 2 и на член 77 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандмани на член 7 став 1, член 7 став 2, член 8 точка 8, член 8 точка 11, член 26 став 1 алинеја 2, член 26 с тав 1 алинеја 3, член 33 став 8 и на член 47 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете.

**Саша Андоновски**: Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Амандманот 1, се однеесува на членот 7 став 1, каде што мојот предлог е дејностите од член 6 на овој закон може да ги вршат трговски друштва или јавни претпријатија основани во согласност со закон. Мислам дека јавни претпријатија, предлогот е да бидат избришани, што значи или јавни претпријатија, затоа што ова за мене претставува ретрограден процес. Веќе е тргнато од овие јавни претпријатија повеќето и поголем број од нив да се трансформирани во акционерски друштва или Д.О.Е.Л-и, неки се и приватизирани, така што мислам дека апсолутно нема потреба да стои ова, затоа што и во членот 4 каде што стои "дејностите од член 3 на овој закон можат да ги вршат домашни и странски правни лица врз основа на лиценца издадена од страна на регулаторната комисија за енергетика". Со ова се дефинира се. Мислам дека апсолутно непотребно е тука местото или јавни претпријатија. Се надевам дека колегите ќе дадат поддршка на овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 51 гласале, 5 за амандманот, еден воздржан, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете.

**Саша Андоновски**: Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Ова се однесува исто на членот 7 каде што се објаснети дејностите на пренос на електрична енергија и пренос на природен гас од член 6 точка 2, 5 и 6, и 9 и 10 од овој закон и вршат јавни претпријатија односно акционерски друштва основани од Владата на Република Македонија.

Мојот предлог е во ставот 2, дејностите 2, 5 и 6 од членот 6, а тоа е преносот на електртичната енергија, управување со електроенергетскиот систем, организирање и управување со пазарот на електрична енергија, да бидат избришани од овој став 2, затоа што еве сведоци сме дека тоа е нешто друго, веќе се акционерски друштва и тука апсолутно мислам дека не стои местото на овие три точки, на кои што се повикува членот 7 од членот 6. Незнам зошто Владата нема разбирање, но се надевам дека пратениците ќе разберат во што е промената.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 53 гласале, 7 за, еден воздржан, 45 глалсале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, точка 8, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете.

**Саша Андоновски**: Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, имате една минута за да објасните.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Мислев дека министерот ќе го прифати, затоа и не се пријавив на време за збор.

Значи, амандманот се однесува на членот 8 точка 8 каде што се дефинира правото на изградба на нови објекти за дистрибуција на енергија. Тоа е документ кој го издава општината односно градот Скопје за изградба на нови објекти за дистрибуција на природен гас, дистрибуција на топлинска и дистрибуција на геотермална енергија. Но, претходно при објаснувањето во енергија спаѓа и електричната енергија, па затоа интервенцијата во овој случај се однесува после објекти за дистрибуција на енергија се става запирка и се додаваат зборовите "освен електрична енергија" и со ова се дефинираат правата на општините односно на градот Скопје и на овој начин не може да се случи општината да издаде документ за изградба на оние објекти кои што ќе бидат за електрична енергија. Мислам дека тоа законот не го дозволува, но на овој начин може било која општина или градот Скопје да се повика токму на оваа точка 8 од членот 8. Затоа, мислев дека треба да има допрецизирање, но е ве заменикот министер мисли дека не е така и се надевам дека колегите сватија за што се работи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Претресот по амандманот е заклучен.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Како што знаете од вчера работиме до 17,00 часот, сите активности после 17,00 часот можат да се решат.

Сега сме 61 пратеник во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да глалсаме.

Од 61 присутен, 53 гласале, 6 за амандманот, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, точка 11, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски. Повелете.

**Саша Андоновски**: Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Се однесува на членот 8 точка 11. Јас мислам дека Барем во законот требаше да се даде една можност, ќе говорам и понатаму по текстот на законот, затоа што сериозноста на ситуацијата е премногу голема за да се однесуваме вака лагодно. Тука стои Министерство. Објаснувањето е Министерството е надлежно за работите од областа на енергетиката. Значи, имаме две ситуации, една каде што можеме да реагираме и Министерството за економија да стане Министерство за економија и енергетика. Значи, да се формира комплетно во Министерството, да не е оној сектор што е за енергетика, не само да биде тој сектор, туку многу посериозно да се пристапи, затоа што проблемите кои не очекуваат во енергетската сфера се многу големи. Затоа, мојот предлог е формирање на Мимнистерство за енергетика. На овој начин Република Македонија со стратегијата што треба да ја носи, мислам дека барем на хартија, треба да се доведат работите така што понатаму ќе имаат приоритет и за кои што ќе биде надлежно некое министерство, од кое што ќе побараме одговорност, затоа што на овој начин мислам ниту квалитетот, ниту капацитетот на тие луѓе кои што го водат тој сектор не можеме да споредуваме со тоа што ги имале јавните претпријатија, акционерските друштва каде што постоеле сите сектори за развој и еве видовме до каде е доведено електростопанство во овој момент. Мислам дека токму поради тоа што касниме во многу од реформските зафати кои што се многу битни за енергетската сфера дека ние веќе треба да говориме за Министерство за енергетика или пак ова што го кажав претходно, Министерството за економија да ја добие и придавката "и енергетика". Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 57 гласале, 8 за амандманот, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1, алинеја 2, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете.

**Саша Андоновски**: Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Мислејќи дека овој амандман, а се работи за амандманот 5 на членот 26 став 1, алинеја 2. Владата меѓу време поднесе амандман со слична или иста содржина, што значи и амандманот 5 кој што беше поднесен од мене, а се работи за експерти, за квалификувани експерти и она што јас го кажав квазиексперти, сега имаме ситуација во која што ова се решава. Значи, јас господине претседателе, амандманот 5 го повлекувам, затоа што ова што го поднесе Владата е идентично со она што јас го предложив. Значи, истото се однесува и за амандманот 6.

**Љупчо Јордановски:** Значи, овој амандман сега што го прочитав, ние не ги рангираме амандманите 5 и 6.

Амандман на член 26 став 1 алинеја 2 што сега беше одбиен, вие го повлекувате. Ова што велите амандман 6, тоа инаку гласи Амандман на член 26 став 1 алинеја 3, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски, исто така е повлечен.

Благодарам, повлечен е.

Сега, доаѓа амандманот 7, ако така сакаме да ги нумерираме.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 8, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски. Повелете.

**Саша Андоновски**: Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Амандманот 7 се однесува на членот 33 став 8, каде што Комисијата за жалби одлуките ги донесува во рок од најмногу 60 дена од денот на поднесувањето на жалбата. Амандманот се однесува токму на бројот 60, значи тие два месеци да бидат заменети со еден месец или 30 дена и со ова го скратуваме времето на одлука, затоа што во многу членови понатаму во Законот имаме рокови каде што се бараат ситуации во кои што оние што ги употребуваат средствата во електроенерегетскиот систем или пријавата за исклучување, тоа треба да го направат во рок од 8 часа или некогаш и многу порано. Затоа мислам дека овие 30 дена и Комисијата, начинот на кој што ќе работи барем едно состанување во текот на месецот има можности да донесе решение и мислам дека е поадекватно да стои бројот 30, значи сите одлуки Комисијата да ги донесува во рок од еден месец. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 присутен, 52 гласале, 8 за амандманот, нема воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 1, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Збор има заменик министерот за економија.

**Саша Андоновски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Значи ова е последниот амандман на членот 47 став 1, каде што се објаснува дека носителот на лиценца не може да престане со вршењето на дејноста за кое е издадена лиценцата, за периодот на важење на лиценцата. Мислам дека зборот "не може", апсолутно не дефинира некои реални ситуации што можат да се случат и затоа предлагам зборот "не" да се брише. Од друга страна да се наведат сите ситуации во кој што носителот на лиценцата може да престане со вршењето на дејноста. Мислам дека ова е од техн ички аспект за попрецизен член кој што понатаму може да донесе до недоразбирања затоа што на комисиската расправа имавме недоумици токму по овој член и мислам дека реалноста ќе покаже дека ова не може, ќе направи проблеми и во Регулаторната комисија и со оние луѓе кои што ги добиле лиценците затоа што тие лиценци се добиени и се дадени на времетраење од 3 до 35 години. Лиценца која што ќе ја добиете за 35 години и вие да не можите да прекинете со работа додека ја имате таа лиценца, мислам дека е малку неодговорно се додека не поставите ситуација во која што ќе се гледаат работите и кој ќе бидат реалните услови под кои што ќе може да се прекини работењето.

Мислам дека апсолутно Министерството требаше да го има во предвид ова, но останува колегите пратеници, кој што гледам со внимание ја пратат расправата, мислам дека ќе гласаат за овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, 60 гласале, 18 за амандманот, нема воздржани, 42 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Господине Андоновски, последниве три амандмани се од Законодавно-правната комисија, дали ги прифаќате?

**Саша Андоновски:** Ги прифаќаме сите.

**Љупчо Јордановски:** Значи амандманот на член 53 став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија, станува составен дел на текстот на законот.

Амандманот на членот 54, став 1 и 2, поднесен од Законодавно-правната комисија, станува составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 77 за бришење на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија, станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Господине Мавровски, да не ја повторуваме целата игра.

Може ли јас да кажам нешто. Јас ќе ви дадам збор, под еден услов да кажете дека сте погрешиле. Не сте се пријавиле на време. Тоа е така, тоа е вистината.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Мораме да објасниме за јавноста. Мислам дека амандманите, јас не го слушнав господинот заменик министер, да каже дека ги прифаќа, а вие кажавте самите дека се составен дел на законот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, јас го прашав заменик министерот дали сите амандмани од Законодавно-правната комисија ги прифаќа. Тој рече да. Ова не е прв пат да го правиме тоа.

**Спиро Мавровски:** Вие не ги прочитавте.

**Љупчо Јордановски:** Како не ги прочитав!

**Спиро Мавровски:** Сега треба да внимаваме кога ќе биде последниот збор за да се пријавиме.

**Љупчо Јордановски:** А, посебно реков продолжуваме со претрес по текстот на законот и молам, кој бара збор. И чекав да се пријавите. Но повелете.

**Спиро Мавровски:** Добро, ќе се обидам уште еднаш. Значи, еве еден од законите кој ќе беше едноставно непримерно после толку време Министерството за економија го предложи. Сега сме во втора завршна фаза, еве помина расправата и по амандманите и имам еден текст на законот со кој што можеме да говориме и можеме да кажеме дека ова ќе биде Законот за енергетика за кој што се надевам дека многу скоро, заедно со стратегијата која што ќе треба да ја донесе идната Влада на Република Македонија, ќе биде насоката по која што Република Македонија ќе се движи во оваа сфера, затоа што во овие четири години, освен ова што го направивме со Законот, мислам дека не направивме многу. Значи, имаме ситуација во која што енергетската состојба, можеби е многу полоша, од она што беше 2002, немаме енергетски објекти, немаме ситуација за која што сега ќе говориме дека ни е предност, во однос на она што сме го имале 2002 година, но јас би почнал со ред во мојата дискусија. Значи, една да кажам благодарност до Министерството за економија, што некои забелешки во првата фаза, кои што беа изнесени и во комисиската расправа и тука на оваа седница се вградени во текстот на Законот и сега претставуваат составен дел од неа. Значи, се работи за членот 8 став 1, алинеја 4. Членот 9 став 3, каде што стратегијата, која што беше предвидена да биде 10 години, сега е 20 години. Јас предлагав и подолг рок, затоа што мислам дека токму тука се гледа една држава, која е перспективата, кои се начините да одиме понатаму во развој, затоа што од енергетскиот сектор зависи се она што понатаму индустриското производство и економијата ќе можат да го донесат, или нема да го донесат во Република Македонија, затоа што имаме една многу тешка ситуација, тоа мораме да то признаеме сите и прашање е колку тоа некој го признава, или не го признава. Ако е реперот дека овие 4 години не сме имале проблеми во енергетскиот сектор, мислам дека доаѓаат малку потешки времиња и доколку многу побрзо не се реструктуираме, не направиме реформи во овој сектор дека ќе имаме големи проблеми. Јас не ги посакувам, но реално останува многу работа, многу труд и се разбира, пронаоѓање на пари, затоа што енергетиката е тоа што го дава импулсот во државата. Без тоа апсолутно, не можеме да стигнеме никаде и затоа, тука би побарал во таа стратегија, која што се надевам дека ќе ја изградиме во најскоро време, но како што гледам, како што го носевме законот, можеби ќе помине и година или две, за да стигнеме во ситуација да почнеме со стратегија.

Мислам дека тука е проблемо, основниот проблем, значи вклучување на Македонската академија на науките и уметностите, вклучување на се она што е поврзано со енергетскиот сектор, луѓето кои што се наоѓаат во овие акционерски друштва и она што допрва не очекува, значи приватизациониот период и она што ние ќе го бараме од енергетскиот сектор да знаеме што правиме, барем таа стратегија да ја имаме изградено за наредните 20 години, да знаеме што ќе приватизираме, што ќе треба да отвориме, што ќе треба да остане во државна сопственост, за да не дојдеме во ситуација она што некој сега го кажува дека ќе имаме можност на еден либерализиран Пазар да можеме да купуваме електрична енергија, да купуваме колку што

сакаме. Тоа очигледно, не е така и покрај тоа што сега потпишавме дел од она што беше Атинскиот меморандум и она што значеше пазар за Југоисточна Европа. Го ратификувавме и тој документ, кој што понатаму не обврзува на уште потешки ситуации, кои што мислам дека ќе треба да ги решаваме паралелно.

Понатаму, беше прифатен членот 13, каде што се говори токму за оваа стратегија, која што е поврзана со единиците на локална самоуправа, каде што се даваше многу можности на единиците на локална самоуправа да градат некоја стратегија, што мислам дека апсолутно, нема капацитет, освен неколку општини во државата. Но сепак, и да го има тој капацитет, треба да биде регулирано и да биде во функција на Министерството за економија и делот на енергетика.

Понатаму беше прифатен членот 25, каде што се говореше за политичка припадност на членовите на Регулаторната комисија. Членот 33 став 8, каде што од второстепената комисија беше дефинирано што значи плата, колку состаноци ќе има и како ќе функционира таа второстепена комисија сега е дефинирано. И членот 57, кој што е вграден во членот 82 во однос на наплатата и влезот во приватните простории.

Мислам дека таков проблеми имаше и во минатото. Значи проблемот беше во однос на вршењето на наплатата, затоа што според Уставот тоа е кршење и на правата на човекот и тука ќе треба да се добие некоја ситуација во која што ќе има судски налог за влез во стан или во просторија, каде што ќе треба да се мери електричната енергија.

Сега, после ова втора дискусија на Комисијата за економија и денешната амандманска расправа се прифатија уште два амандмана. Значи тоа е ставот 1 алинеја 2 од членот 26 и ставот 1 алинеја 3, каде што имавме експерти и квалификувани експерти.

Мислам дека ние ја водевме таа дискусија и во однос на ова е моето мислење е дека експерти, квалификувани експерти и после тоа членот 33 да не постои. Во таа второстепена комисија зборот "експерт" апсолутно не соодветствува и денеска слушнавме од еден колега од позицијата кој што го кажа истото мислење дека не е правило човек дали ќе работи пет или десет години, а ние да го прогласиме експерт и после 20 години. Некој е само човек кој што работи во сферата. Значи, не би сакал тој збор да се злоупотребува, така да, можат да бидат луѓе со искуство во работењето на тие сфери, а експерти, квалификувани експерти, незнам кои се луѓето кои ќе дефинираат како сето тоа може да се дефинира кој е експерт, кој е квалификуван експерт и кој ќе го даде тоа и по кои критериуми ќе биде дефинирано што е експерт и дали е експерт.

Мислам дека со ова добивме една ситуација. Можеби многу од експертите во македонската јавност што се вртат во сите сфери, од нив секоја почит, некои луѓе навистина заслужуваат почит затоа што работеле и во странство и се признати од меѓународни институции, но имаме експерти кои што се самонаречени и тука стапува проблемот, кога сите се ставаат во ист ќош. Тоа не смееме да го дозволиме како Парламент.

Членот 30 во ставот 1, во однос на Регулаторната комисија и времето за кој треба да постојат некои врски, беше поставено една година, но сите знаеме и пред малку кажав дека лиценците кои ги добиваат оние производители или преносници на енергија, или дистрибутери важат од 3 до 35 години, така да тука апсолутно, таа врска од една или од две години мислам дека не дефинира дека ќе имаме судир на интереси.

Мислам дека денешните амандмани што ги предложив беа од технички аспект, за подобрување на текстот на Законот, но министерот не најде за сходно да прифати од нив, освен овие два за кои што говорев досега.

Значи доаѓаме во ситуација, текстот ќе биде таков каков што е, но основниот проблем за кој што говоревме и првиот пат, ќе говорам и сега и мислам дека се додека не се постигне тоа, ќе мора да ја потсетуваме македонската јавност и посебно Владата, затоа што ние имаме ситуација во која што некој не убедува за некои работи со што ќе имаме квалитетно, континуирано, непрекинато, или незнам какво снабдување со електрична енергија. Ако ЕСМ дистрибуција биде приватизирана, ако утре се изгради нова електрана, или незнам што ќе се направи тоа е чиста заблуда.

Јас кажав и тогаш и сега ќе кажам дека за овие 4 години ние не изградивме енергетски објект. Знажи не можеме да се повикаме дека сега имаме гасна електрана, коај што се најавуваше во 2003 во Скопје. Понатаму, не можеме да кажеме дека е отворен рудникот Брод Гнеотино, затоа што пред некој ден донесовме одлука за кредотот кој што беше неопходен за отворање на овој рудник. Не можеме да кажеме дека е изграден далекуводот 400 киловолтен кој што требаше да биде врската Исток-Запад кој што ќе ни носи понатаму ситуација на една посмирена енергетска состојба, но без овие претходни работи, мислам дека апсолутно е безпредметно да се говори и сето тоа во овој закон, апсолутно не не носи напред. Не не носи нешто друго. Ние имавме овде Закон за минерани суровини и мислам дека тој заглави некаде, повеќе го нема. Колку ќе оди, како ќе оди, сигурно ќе остане за наредниот состав на Парламентот, но суштинското прашање кое што е за мене и мислам дека сите луѓе кои што се во енергетската сфера е едноставно, многу едноставно, што Република Македонија како стратегија ќе понуди и на кое поле ние ќе треба да се развиваме.

Значи, имаме ситуација јаглен, гас и мас. Сега, јас гледам дилеми, некој кажува Брод - Гнеотино е многу скапо, ако тоа се отвори и ќе се потрошат толку средства, дали ќе има ЕЛЕМ да ги врати парите, или дали утре државата ќе биде во ситуација тоа да го врати. Но ние имаме реална

ситуација. Реалната ситуација, дај боже, деновиве ова што го слушаме дека ќе дојдеме во ситуација и нафта да излезе во Македонија, можеби ќе живееме многу побогато, ќе имаме една порелаксирана состојба, но додека не излезе нафтата, само се зборовите и тешко со зборови да се закрпи таква ситуација, но она што го имаме, тоа е јагленот. Значи, генералната стратегија во овој момент мора да се насочи кон јагленот. Тоа што значи? Тоа значи дека под итно отворање на рудникот Брод-Гнеотино. Затоа што ако се задоцни, макар и една годиниi со секоја година имаме гаснење на еден блок од термоелектраните. Тоа гаснење значи 1400 гигават саати електрична енергија помалку или плус 1400 гигават саати купена енергија од надвор. Или тоа полесно граѓаните да го знаат 72 милиона по сегашната цена на чинење, 72 милиони евра.

Сега некој ги знае бројките, некој претпоставува што може да се случи. Ова е за Законот за стратегијата, а стратегијата е дефинирана во Законот. За да се случи сето ова, јас мислам дека Брод-Гнеотино, рудникот Живојно, Подинските слоеви во РЕК-Битола, сето тоа е начинот на кој ние ќе дојдеме до една порелаксирана состојба со она што ние го имаме, затоа што и гасните електрани во овој момент можат да бидат придонес, значи да ги имаме 200, или еве најава за уште една гасна електрана, 450 мегавати стандардни што ќе бидат во Република Македонија, но имаме ситуација иста како што е со струјата. Видовме во Украина што се случи, ситуација од која што сме 100% зависници од гасот и тука апсолутно некој ќе ја диктира таа цена, како што ќе оди цената на електричната енергија, сигурно и гасот и мазутот ќе ги постигнуваат максималните цени и тоа нема да не ослободи ниту да не релаксира како држава или енергетска состојба.

За да се реализира сето ова, втората моја забелешка, сериозниот пристап ќе го обезбедиме само со едно, ќе го обезбедиме со Министерство за енергетика. Да не го повторувам ова што го кажав во расправата по амандманите, за да се реализира сето тоа, Министерството за економија или треба драстично да го зголеми тој сектор, да влезат луѓе кои ќе работат на оваа стратегија и кои ќе бидат одговорни за натамошното работење, без разлика која Влада ќе додје тој сектор мора да функционира во континуитет и тука треба да ја бараме шансата Република Македонија понатаму да се обезбеди на енергетски план, што е основен предуслов за било која инвестиција и за натамошен економски развој или сето она што го сакаме сите.

Многу интересен е членот 59, каде што имаме ефикасно користење на енергија. Мислам дека токму тој член треба да се преработи, треба да се најде начин како тоа да биде врската меѓу Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, градежните проекти исето она што значи заштеда на електричната енергија, и ова во функција со ЗЕЛС, значи сите натамошни проекти што ќе ги прави Република Македонија мора да имаат вакво ефикасно користење на енергијата, односно заштеда, така што кај секој граѓанин ова да функционира и оттука понатаму треба да знаеме дека се што ќе градиме, доколку го направиме тоа со добра изолација, со добри материјали, мислам дека заштедата е 20-30%, а секое домаќинство тоа ќе го види многу скоро. Тука мислам дека Министерството за економија мора да се насочи заедно со ЗЕЛС, а ова е дирекна помош и соработка на Министерството каде што може да помогне.

Доцнењето во Секторот за енергетика не само што јас го кажав, туку стигнуваат такви поплаки или предизвици да се заврши нешто што ние со Законот го даваме како право на единиците за локална самоуправа, а тоа е Гасификацијата. Еве, и пред ММФ и Светската банка се повикуваме да ја направиме таа гасификација, но ние сега се симнуваме на ниво на општина, а јас кажав уште во првата фаза од законот дека до колку оставиме општините да ја направат гасификацијата, ние имавме можност за тоа, Битола не е гасифициран како град, за жал, значи не сме ја искористиле топлинската енергија, сме ја оставиле така, а со минимални средства можеше тоа да се направи, а сега треба да направиме Битола да биде ископана, да се постават цевководи, да се псотават гасоводи и на тој начин локалната самоуправа да го направи сето тоа. Има некој таков обид во Куманово и јас им посакувам успех, но Куманово е на некоја линија каде што се движи гасоводот и може побрзо да се стигне до таква ситуација. За жал Битола не е во ниедна од тие варијанти, барем сега за сега. Се надевам дека ќе биде како варијанта и дека заслужува она што го има, во зависност од векот на траењето на електраните, повторно да се размисли во однос на тоа.

Понатаму во однос на искористувањето на водната енергија имаме ситуација во која во Република Македонија енергетски објект кој што може да носи енергија во овој момент, а не да биде водостопански објект, тоа е Чебрен и било која Влада понатаму мора да бара, дали тоа ќе биде концесија, дали ќе биде заем, кредит, не знам што, но во секој случај мора да се најде начин таа енергија да се искористи, затоа што е близината на РЕК-Битола, она што значат транспортни патишта се тука, останува изградбата на хидроелектраната.

Добар дел од законот е она што го кажавме за новите и обновливи енергетски извори. Тоа е за поздравување, но тука ќе имаме ситуација во која наредниот закон што ќе биде донесен ќе треба да постави-дали во Законот за енергетика или во некои други закони за кредитирање и инвестирање-да дадат многу поволни услови за искористување на геотермалната, сончевата и она што значи енергија од ветер. За сето тоа има проекти во Република Македонија, се знаат

местата каде што можат да се постават сите овие извори на обновлива електрична енергија и тука мора да се внимава затоа што не можеме да се поведеме со една желба, ние имаме желба, ќе направиме некаде ветерница каде што не дува ветер и од тоа нема ништо. Проектите ги има во Република Македонија, знаеме каде се и што се и мислам дека државата треба да интервенира на тој начин што ќе обезбеди апсолутно најповолни средства што може некој да ги даде во Европа за да ги изградат луѓето тие електрани и тие обновливи извори да се вклучат директно во мрежата на електроенергетскиот систем во Република Македонија.

Понатаму, генералното обезбедување на електричната енергија јас го гледам во една ситуација: во 2007 година испаѓаат двата блока од нуклеарната централа Козлодуј во Бугарија, која што до сега беше најголемиот снабдувач, поради еколошки услови и загадување ќе испадне еден блок од електраната Бобовдол и ова што го потпишавме - затоа сакав со Министерството, за ратификацијата на договорот, ќе ни биде обврзувачко за Република Македонија. Значи мораме да се придржуваме на сето она што е еколошка загаденост на зачувување на околната средина и токму поради тоа, нашите електрани се стари веќе 25-30 години, ќе дојдеме во ситуација или да ги преправаме, значи да се вложат големи средства, или пак поради загадување да бидат исклучени затоа што реперот за она што значи еколошки чиста средина и свест се зголемува и тука мораме да се придржуваме на тие ситуации.

Затоа, мојот предлог е, без оглед колку Република Македонија во овој момент има средства, да се искористи моментот што Република Бугарија почнува и добива кредити за изградба на една нова нуклеарка, а тоа е нуклеарната централа Белене и ние по секоја цена ќе треба да ги обезбедиме 300-400 мегавати електрична енергија, кои би доаѓале. Затоа што и она што значи Штипчаре на Могила е 600 мегавати што може да ги носи тој далековод, затоа што на овие простори имаме држави кои се  Север-Југ, како што се движат цело време, посебно Грција, постојано државата увезува, а ги користи нашите транспортни патишта. Значи истата електрична енергија, технички можности не ќе има Македонија да увезе, затоа што ќе стигнеме до бројка, ако испадне РЕК-Битола, до 1200-1300 гигават часа во годината. 12 илјади ќе бидат, тоа ќе биде катастрофа, дневно 1200-1300, не постои техничка можност, апсолутно никаква можност да се воведе тоа и тогаш станува нешто друго, станува ситуација која никој не ја постакува.

Во однос на она што беше предложено мислам дека господата од Министерството за економија не ги прифатија овие предлози како амандмани, мислам дека со тоа веќе завршивме, ја исцрпивме целата работа во однос на она што значи моментално законот за енергетика, Предлогот на закон и јас, и ваков каков што е, ќе гласам за него. Оваа дискусија мислам дека ќе ја имаат предвид и господата од ова Министерство и наредната Влада, затоа што без решавање на оваа ситуација, без решавање на генералните проблеми кои што ги има енергетиката, кои ги има во случајот ЕЛЕМ и сите овие кои работат во енергетскиот сектор, нема да стигнеме никаде. Се надевам дека дел од ова, и пред да се донесе таа стратегија, ќе треба да се дефинираат приоритетни задачи, приоритетни објекти кои во дадениот момент ќе бидат и пред стратегијата, ќе мора да бидат изградени за да имаме едно чувство или за да имаме ситуација во која сето ова е задоволено и можеме да функционираме.

Затоа, уште еднаш ќе кажам, и покрај тоа што беа прифатени 10-11 мои амандмани, искажувам благодараност до Министерството за економија за тоа, мислам дека цела дискусија е во интерес на подршка на законот и добивање подобри решенија. Се надевам дека наредниот пат кога ќе ги имаме овие промени и кога ќе се гради стратегијата многу од ова ќе биде вградено и ќе имаме многу порелаксирана ситуација. Се надевам и знам дека во енергетскиот сектор во наредните 5-6 години се годините кои ќе одлучуваат за иднината на Република Македонија. Можеби тоа некој во овој момент не го сваќа, затоа што не знае ни каква е ситуацијата, но јас се надевам дека ќе имаме сите доблест сите заедно да седнеме и да донесеме еден закон кој ќе ја води Република Македонија во развој и перспектива. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Китаноски, имате збор.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Предложениот закон за енергетика е само уште еден доказ дека Владата на Република Македонија, заедно со експертите, не ја одработи својата работа како што треба, односно обработена е неодговорно, површно и формално. Имено, Законот за енергетика кој се става на дневен ред комплетно не соодветствува на условите и состојбите во државата и нуди само законско заокружување и законска поткрепа на веќе создадениот хаос на овој дел од стопанството, бидејки во самиот закон за енергетика, имплементиран во делот на пазарот кој што е комплетно нефункционален од повеќе аспекти.

Имајки го предвид процесот на реструктуирање на енергетскиот сектор во државата, кој треба во целина да е усогласен со преземените обврски од Атинскиот меморандум и Директивите на Европската комисија и другите акти, може да се констатираат голем број на нелогичности, неусогласености и спротивности во предложениот закон за енергетика.

Во изминатиот период, ВМРО-ДПМНЕ укажуваше на погрешно одбраниот модел за преструктуирање и неусогласеност со Европската

легислатива. Ова го потврди речиси целокупната домашна и стручна научна јавност. Најголема потврда пак за погрешната насока и погрешно одбраниот модел дојде и директно од Европската комисија во коментарот на еден од одговорите на Прашалникот. Последиците од погрешниот модел веќе почнаа да се чувствуваат и директно во енергетскиот сектор и во правните субјекти кои се учесници тука. Како примери се: веќе актуелната хронична неликвидност на електрани на Македонија, отсуството на инвестиции, некоординираност на субјектите во секторот, катастрофалниот тендер за увоз на електрична енергија, уште полошата распределба на учеството на компаниите во вкупната цена на електричната енергија и ред други фактори. Сите овие недостатоци и проблеми од погрешниот модел сега сакаат да се имплементираат со закон или во закон, со чие изгласување ќе се доведе Република Македонија во една ситуација која што нема да биде многу пријатна за енергетскиот сектор со можни катастрофални далекусежни последици за нејзиниот развој.

Целиот закон и образложението се базира само на декларативните заложби и декларативно и формално усогласување со европската легислатива како, ќе повторам уште еднаш и со едно комплетно дисфункционален и квази модел на организација на енергетскиот сектор. Некои од забелешките, како круцијални за идното функционирање на енергетскиот сектор и за запазување на пазарните принципи, ќе ги предочам.

Пред се, потсетувам на базичните принципи содржани во Директивите на Европската унија, како што се...

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, јас знам дека изборите се распишани, но ние сме пратеници овде и една од нашите главни задачи е да го почитуваме овој дом и да го зачуваме дигнитетот. Првата фаза на овој закон веќе помина. Концептот, принципите и не знам кои други декларации, по кои требаше овој закон да се носи, требаше во првата фаза да се кажат. Ве молам, сега имаме расправа по текстот на законот.

**Илија Китаноски:** По текстот зборувам, претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Не е точно дека зборувате по текстот. Сакате повторно да вадиме стенограми, звучни аудија, не е битно што, за да видите дека ништо не кажавте за текстот. Вие го спомнавте вашиот концепт како ВМРО-ДПМНЕ што не чини во овој концепт на законот. Ве молам, зборувајте по текстот. Кажете ми член каде што тој член вие сметате дека не е во ред и што е кажано во членот. Тогаш ќе можеме да дискутираме по текстот на законот. Ве молам, да бидеме и да останем до крај пратеници. Како што почнавме, така и да останеме. Имаме пред нас закон и дискутираме по текстот на законот.

**Илија Китаноски:** Завршивте претседателе?

**Љупчо Јордановски:** Завршив и ве молам, вашите дигресии ќе ги испочитувам, но ќе ве прекинам после третата. Првата дигресија веќе ја кажавте.

**Илија Китаноски:** Претседателе, во расправата по текстот не сум должен воопшто да спомнувам и да цитирам членови од законот. Не сум должен, расправам по текстот на законот и за последиците на текстот на законот, ваквиот текст врз состојбата во енергетскиот сектор. Ако тоа не е дозволено, тогаш одземете ми го зборот. А мислам дека е токму по текстот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, јас не знам дали тоа што вие го зборувате воопшто постои во текстот.

**Илија Китаноски:** Јас тврдам дека постои.

**Љупчо Јордановски:** Затоа барав да ми цитирате член од текстот, за да може ова што го зборувате да биде поткрепено, да се види дека тоа е така или не е така.

**Илија Китаноски:** Дозволете претседателе, уште пет минути и ќе завршам.

**Љупчо Јордановски:** Добро, имате уште една дигресија од три минути. Повелете.

**Илија Китаноски:** Значи, не се почитуваат базичните принципи содржани во директивите на Европската унија во текстот на законот. Со таквиот текст не се почитуваат, како што се: осигурувањето на конкурентноста, транспарентност, недискриминаторство и објективност, забрзување на процесот на либерализација, гарантирање на слободен проток на добра во отворени пазари, слободно право на избор, поставување на транспарентни пазарно ориентирани механизми, апликативни правила за сите корисници на системот базирани на недскриминаторен пристап, формирање на потполно оперативни внатрешни пазари со конкурентна поставеност. Меѓу другите забелешки, преголемиот број на контрадикторности, неусогласености и конфузности на материјал, сакм да ги потенцирам следните круцијални и генерални забелешки.

Со моделот кој практично се етаблира со овој закон не се поттикнува конкурентноста, туку истата се задушува.

Второ, не се запазува сигурноста и стабилноста на функционирањето на енергетските системи и како последица на тоа во овој момент имаме АД ЕСМ-Дистрибуција со блокирани сметки и после продажбата е во состојба на хибернација. Менаџерскиот тим на АД ЕЛЕМ е во состојба да носи крајно непрофесионални и до сега незамисливи одлуки за стопирање на капиталните ремонти во термоелектраните како последица на моделот кој што со овој закон, во текстот на законот, сакате да го имплементирате.

**Љупчо Јордановски:** Добро, ајде кажи ни тогаш кој е моделот, да им објасниме на граѓаните кој е моделот во овој текст.

**Илија Китаноски:** Претседателе, оставете ги граѓаните сами да заклучат од моето објаснување, немојте вие да им објаснувате, јас ќе им објаснам. Ако ме разберат, во ред.

И трета последица, АД МЕПСО е во затекната состојба од неможноста на набавка на доволна количина на електрична енергија и е во потполна конфузија, подготвени да се потрошат енормни количини на парични средства само да се покријат потребите од електрична енергија, кои не се на време усогласени и испланирани.

Понатаму, сите права се даваат на МЕПСО и ЕСМ Дистрибуција, додека производителите на електрична енергија се ограничени со мали цени без можност својот производ сами да го пласираат на отворен пазар, конкурентно и по пазарни цени. Значи принудени се да продаваат на МЕПСО - тука во овој случај се однесува само на ЕЛЕМ, по строго дефинирани цени.

Од друга страна, единствен кој има право да увезува и да тргува со струја е пак МЕПСО, а неговата единствена задача е цената по која ќе ја набави електричната енергија да ја преслика до крајните потрошувачи, инаку неа на крајот сепак ќе ја платат граѓаните.

Исто така конкурентноста, тоа е она што претходно го кажав, еден од принципите кој што треба да се запази, од кој е полно образложението во законот или потребата за донесвуање на законот и образложениеот е дека ќе се обезбеди конкурентност и т.н. Во овој случај апсолутно се убива во старт конкурентноста и едноставно едни учесници на пазарот се доведуваат во повластена положба во однос на другите учесници. Овде во случајот тоа е АД ЕЛЕМ, кој се става во крајно подредена положба во однос на МЕПСО и на Дистрибуцијата.

Сметам дека заради сериозноста на целиот овој проект и на сите оние грешки кои што се практично направени во изготвувањето на овој закон, најдобро е законот да биде повлечен. Исто така, да се изработи нов закон, нов модел кој ќе биде вграден во тој закон кој што не само декларативно, туку и во вистинска смисла ќе биде усогласен со директивите и со легислативата на Европската унија. Во неговата изработка да бидат вклучени врвни домашни експерти од енергетиката, но и голем број на странски експерти, компании и институции на Европската унија кои со својот кредибилитет ќе гарантираат квалитетен, усогласен и применлив закон.

Од овие причини пратениката група на ВМРО-ДПМНЕ не го поддржува законот.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе. Почитуван колега Китаноски, претседателот прашуваше за концептот. Еве, јас ќе кажам по што јас видов од вашата дискусија од концептот. Вашата дискусија личеше како мали Џокица ја разбира сферата на енергетиката. И концептот на ВМРО-ДПМНЕ беше, до 1998 година беше отпочнат проектот за Козјак кој што ВМРО-ДПМНЕ целосно го стопираше проектот Козјак. Меѓу првите седници во овој парламентарен состав еден меѓу првите закони кои што ги донесовме на првите седници беше во делот на продолжување на изградбата на Козјак. Понатаму, изградбата, неодамна на последната седница беше за Брод Гнеотино. Значи, концептот на оваа Влада е постојано инвестирање во енергетскиот сектор и трансформација и вклучување во регионалниот пазар на енергетика и секако конкуренцијата на енергетскиот пазар.

Тоа што вие не го поддржувате, тоа е само колку да се биде контра проектите на Владата, а не дека постои некаков друг концепт кој што вашата пратеничка група го има. Вас можеби ви напишале во централата на партијата некаков текст кој што и вие самите не го разбирате и овде го предлагате како текст на ВМРО-ДПМНЕ во сферата на енергетиката .

**Љупчо Јордановски:** Една минута реплика господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам за репликата. Тоа кој колку и што разбира, навистина во текстот и во подготовката за оваа седница учествуваа врвни стручњаци кои што и не се сите членови, или активни членови на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа многу постручни и покомпетентни од вас госпоѓо. Инаку, ова што го кажавте апсолутно нема врска со дискусијата. Зборуваме за закон, а не за тоа дали ЕЛЕМ треба да инвестира и да гради во нови енергетски капацитети. Значи, тоа нема врска со овој закон. Напротив, она што јас го кажав и што е концептот на ВМРО-ДПМНЕ дека го поддржуваме ЕЛЕМ во сите инвестициони активности и дека енергетскиот сектор и обезбедувањето на трајни извори на енергија за оваа држава се многу важни. Исто така, дека токму ЕЛЕМ како државна компанија во подредена положба се става со овој закон во однос на МЕПСО и на АД Дистрибуција. Ако успеавте тоа да го разберете, ако не, еве, сега ви го кажувам по втор пат за да го разберете, ако можете.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Тома ГлигориЈевски.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине претседателе. Мислев дали да реплицирам, меѓутоа изгледа дека толку суштински се разликуваме со опозицијата во концептот и во разбирањето на работите, така што оценив дека не е потребно да реплицирам.

Ќе се задржам по текстот на предложениот закон за енергетика кој ни е доставен, еве, во втора фаза. И мене ме радува фактот што овој парламентарен состав ќе успее да го донесе законот за енергетика, закон кој толку често беше споменуван во фазите на трансформација на електроенергетскиот сектор и во законите кои овозможуваа продажба на дел, или цело поранешно Електростопанство на Македонија. Иако и тогаш ние имавме Закон за енергетика кој

си беше на снага, сепак очекувањата и стравовите беа дека овој закон можеби ќе се разликува од правците во кои што треба да се движи Република Македонија, го очекуваа и македонската јавност, го очекуваа и потенцијалните странски инвеститори. И добро е што ќе го донесеме за да се види дека со ваков закон Македонија оди во правилен правец на усогласување на секторот за енергетика со своите правни акти со европската регулатива и со директивите за енергетскиот сектор на Европската комисија. Нешто што посебно ме радува што овој текст на закон нуди јасни и прецизни формулации со кои се фрлаат во вода некои поранешни стравувања наметнувани од опозицијата во фазата на приватизација на Електродистрибуција.

Прво е што овде јасно е дадена надлежноста на Регулаторната комисија како независно регулаторно тело, оска околу која се вртат сите норми, акти, цели кои што ги донесува Регулаторната комисија, или која што дава согласност на другите правни субјекти од енергетскиот сектор. Значи, паѓаат во вода дилемите дека ќе дојде во Македонија некој ќе воспостави монопол, ќе владее како што сака, ќе пушта струја, или нема да пушта и ќе дига цени, или нема да дига цени како што сака. Овој закон со функциите кои и ги дава на Регулаторната комисија јасно ги фрла во вода таквите дилеми.

Втората дилема која што исто така беше наметнувања во претходниот период е дали и со евентуалната продажба на производството, поготово на хидроелектраните, дали пак нема да дојде некој странски инвеститор кој ќе произведува струја кога сака, ќе ни ги празни езерата и не знам што се не беше кажано.

Во член 71 каде што се дадени функциите на операторот на електроенергетскиот систем кој е во функција на МЕПСО кое што произлезе со трансформацијата на поранешно Електростопанство во петтата алинеја јасно стои дека една од функциите на операторот на електроенергетскито сектор е дневно диспечирање на производните капацитети во Република Македонија, на планираните увозни и извозни трансакции и на трансакциите за транзит низ територијата на Република Македонија врз основа на распоредот за диспечирање доставен од страна на операторот на пазарот на електрична енергија согласно пазарните правила. Значи, практично било кој, било приватен странски инвеститор и да изгради, или да купи една од постојните хидроцентрали далеку од памет е дека може да пушта струја во системот кога сака и дека може да произведува, или да не произведува струја кога сака и да ги празни езерата кога сака и како сака. Целата улога ја има операторот на електроенергетскиот сектор и диспечерскиот центар кој од далечинска команда фактички управува со системот.

Она што исто така ме радува во овој закон е што полека освен, да кажам од државните институции и министерствата дел од надлежностите се пренесуваат и на локалната самоуправа. Иако останувам на впечатокот дека поедини единици на локална самоуправа и поедини општини сеуште немаат изградено капацитет за да ги исполнат условите кои се бараат од овој закон, а согласно член 13 во кој се вели: Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје на предлог на градоначалникот, а по претходно прибавено мислење од Министерството донесува програма за развој на енергетиката и општината, односно програма за развој на енергетиката на Градот Скопје. Додека членот 137 таква иста, или слична надлежност на општините и на Градот Скопје му дава и за искористувањето на обновливи извори на енергија кои ги опфаќа геотермалната енергија, биомаса, биогас, земен гас и сончева енергија. Мое мислење е дека во прво време Министерството како најнадлежно во секторот досега за оваа област ќе мора многу да помогне на единиците на локалната самоуправа за извршување на овие функции кои и се дадени како со текот на времето да го достигнат капацитетот за да сами се грижат за развојот на енергетскиот сектор според одредбите кои се предвидени со овој закон.

Меѓутоа, забелешката ми е на член 15, бидејќи и со било каква помош тешко некоја општина моментно да го исполни условот, она што се бара со член 15 во кој се вели: заради сигурно, безбедно, непрекинато и квалитетно снабдување со природен гас и топлинска енергија на граѓаните и другите потрошувачи на своето подрачје, општините и Градот Скопје се должни да обезбедат услови за извршување на следниве енергетски дејности од јавен интерес од локално значење, дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас, снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи, производство на топлинска енергија, дистрибуција на топлинска енергија, дистрибуција на геотермална енергија, снабдување со топлинска енергија и снабдување со геотермална енергија. Не знам како може некоја општина, да не кажам како што кажа колегата Спиро Мавровски, која моментно е многу далеку од единствениот магистрален гасовод што го имаме, да обезбеди услови за користење на гас на својата територија Ресен, Струга и не знам каде. Значи, тоа е едно барање од овој закон кое мислам дека ќе остане само на хартија. Иако вкупниот текст ги зема во предвид расправите од првата фаза и е многу подобрен целокупниот текст на законот. Мислам дека како забелешка на глава 5 за изградба на нови производни објекти во членот 58. Жал ми е што точката 4 остана да фигурира како потребна документација која е должен да ја поднесе подносителот кој бара дозвола за отпочнување со изградба на производен капацитет. Во фаза во која што се наоѓа Република Македонија на недостиг на електрична енергија и на недостиг на други видови на енергија, во фаза каде што се бараат потенцијални странски инвеститори, мислам дека

условите за добивање на дозвола за отпочнување на нов производствен објект требаше да бидат уште помалубројни, полесни од овие што се предвидени во член 58, а тоа посебно се однесува на точката 4 која вели дека потенцијалниот инвеститор треба да предложи податоци за неговата управувачка структура и оперативните способности и тоа предложен тим кој ќе работи на проектот со податоци за стручност и искуство на секој од учесниците на тимот, начин на раководење со тимот и носители на раководни функции на тимот, информации за опрема, или градежна и друга техника која ќе биде применета во проектот. Со оглед дека не секогаш инвеститорот се поклопува со оној што го извршува на лице место објектот, останувам на мислењето дека ова во некоја наредна фаза треба уште повеќе да се упрости процедурата за добивање дозвола за изградба на производствен објект поготово што производството, мислам потрошувачката на енергија во Македонија од година на година се зголемува, има недостиг на енергија, така што таквите инвестиции секако би биле во корист на државата.

Она што исто така, го дефинира овој закон е и пазарот на електрична енергија. Точно е тврдењето на колегата дека ова не е отворен пазар, туку дека законот дава регулиран пазар на електрична енергија. Меѓутоа, да им биде јасно на сите дека таквата можност на Република Македонија и беше дадена како привелегија, бидејќи во овој момент прифаќање на услови кои важат во други држави за отворен пазар на електрична енергија, Македонија нема капацитет и сила и нашите електрокомпании немаат капацитет да се впуштат во правилна битка во таков пазар. Затоа на проект финансиран од странски институции и изработени студии е препорачано дека Македонија подоцна треба да се вклучи во отворениот пазар на електрична енергија и дека до одредено време треба да важи ваквиот регулиран пазар на електрична енергија. Значи, тоа не е нешто што требало да биде, а некој дал, или не дал, туку тоа е дадено и од Меѓународната заедница како привелегија на Република Македонија да се подготви за битката на отворениот пазар на електрична енергија.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе. Почитуван колега Глигоријевски, со внимание ја ислушав вашата дискусија. Имам неколку забелешки. Значи, она што во првиот момент говорите за законот во фазата на трансформација дека е донесен токму тогаш и дека без тоа продажбата на дел, или цело ЕСМ не ќе можеше да се случи. Овој закон за енергетика беше нон стоп спомнуван во тие стратегии на Владата кои што почнаа од продажба на вкупното ЕСМ, па се дојде до ЕСМ Дистрибуција. Но, за жал, еве, и тогаш кога се продаваше ЕСМ Дистрибуција овој закон не беше донесен, значи се функционираше без овој закон. И за ЕСМ Дистрибуција во овој момент имаме само една лиценца и тоа е факт и тоа е вистина и од тоа не може да се бега.

Во однос на надлежностите на Регулаторната комисија, дека Регулаторната комисија е таа што ги прави нормативите, актите и дефинира цени. Јас само ќе ве потсетам, во мај месец 2005 година до денеска, или август беше 2005 првата најава за покачување на цената на електричната енергија. Регулаторната комисија и претседателот на Регулаторната комисија 10 пати најавија дека ќе има покачување на цената на електричната енергија што беше најактуелно некаде пред Нова Година. Но, на крајот се заврши со тоа што добивме објаснување дека премиерот на Владата како стопанственик, или газда на ЕСМ Дистрибуција се откажа од тој профит од 5%, 10% и цената не се покачи. Но, еве деновиве имаме ситуација во која што господата од ЕЛЕМ се принудени да земаат комерцијални кредити каде што средствата кои што треба да ги одделат се многу поголеми од она што значеше државна гаранција, или она што би го наплатиле како електрична енергија за она што го произведуваат. Но, тоа не се случи.

Во однос на транспортните трошоци, јас говорев во делот каде што Македонија не ќе ги има техничките можности за да се реализира сето тоа. И уште една потврда на ова што вие го говорите, не дека Република Македонија има привелегија на регулиран пазар, ние имаме катастрофално лоша состојба, затоа што 40% од електричната енергија во моментот ја увезуваме. Ако не се отвори Брод Гнеотино, таа ситуација ќе дојде некаде до 80% и технички не ќе бидеме во можност да извезуваме. Значи, ќе бидеме во ситуација нон стоп да увезуваме, но само онаа количина која што технички нашите транспортни системи ќе можат да ја донесат во Република Македонија. И тука е основниот проблем, тоа е немоќ. Јас не би сакал таква привелегија да има во ниедна ситуација. Се надевам дека ќе стигнеме Република Македонија регуларно да може и да извезува и да увезува електрична енергија.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господинот Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Господине Мавровски, јас во законот, во надлежностите на Регулаторната комисија никаде не прочитав дека премиерот има право да даде. Јас зборував за она што законот го нуди како надлежност и законитост на Регулаторната комисија и правата кои ги нуди. Значи, во овој закон е добро, затоа што на Регулаторната комисија и нуди можност да го регулира пазарот и да донесува акти, или пак на актите кои ги донесуваат другите правни субјекти во секторот да дава овластување да ги пушта во употреба. Се надевам дека такво нешто нема да се случува по изгласувањето на законот за енергетика.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Кондарко не е тука, госпоѓа Станковска не е тука.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Не гледам ниеден координатор, да ги прашам, дали можеме да собереме кворум.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ќе продолжиме со работа утре со почеток во 11,00 часот.

Ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина во 16,50 часот).